**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четвртото продолжение на Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 23 март 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме *со* работа по Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радомир Карангелески и Ванчо Георгиев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На екранот има дека вкупно се подигнати и вклучени 79 картички.

Ве молам, за да го утврдиме бројот на пратениците кои се во салата и кои ин меритум одлучуваат, а не според бројот на картичките, да го вклучиме системот на гласање и притиснете едно од копчињата за гласање.

Ве молам, вклучен е системот за гласање, да притиснеме едно од копчињата.

Присутни се 77 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминуваме на 7-та точка од дневниот ред - Предлог на Закон за внатрешна пловидба.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 3, член 7, член 27 став 4 алинеја 1 и за менување на алинеја 3, член 33 став 2, член 34 став 2, член 44 став 2, член 55 став 2, член 74 став 1, на поднасловот 5 точка 3 по член 70, член 100 став 2, за преформулирање на член 103, член 105 став 2 и за додавање нов став 3, член 106 став 2 и 3, член 108 став 2, на Глава VII, член 126 став 1, член 129 за замена на ставовите 1 и 2 со нов став 1, член 135 за менување на став 3, член 143 став 1 и на член 151 став 1 точка 1,по кои Владата не се произнела.

Комисијата за сообраќај и врски поднесе амандман на член 146 за бришење на став 4, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за сообраќај и врски поднесе амандман за менување на член 61, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Крале Спанчески поднесе амандман на член 118 за додавање нов став 4, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 7, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 27 став 4 алинеја 1 и за менување на алинеја 3, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 33 став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 34 став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 44 став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 55 став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот за менување на член 61, поднесен од Комисијата за сообраќај и врски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 74 став 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на поднасловот 5, точка 3 по член 80, поднесен од Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 100 став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа, со една мала исправка.

Имено, наместо зборот "смеат" да стои "смее".

Тоа е во консултација со лектор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа е повеќе од редакциски карактер, се прифаќа амандманот.

Во ред е, така ќе биде во Законот.

Отворам претрес по амандманот за преформулирање на член 103, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 105 став 2, и за додавање нов став 3, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 106 став 2 и 3, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 108 став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на Глава VII, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 118 за додавање нов став 4, поднесен од пратеникот Крале Спанчески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

САВО КЛИМОВСКИ:

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 126 став 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 129 за замена на ставовите 1 и 2 со нов став 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 135 за менување на став 3, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 143 став 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот 151 став 1, точка 5, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Реџеп Асани, заменик министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали покрај сите овие амандмани, има уште некои па би сакал да поднесе амандман или да се произнесе по текстот.

За збор се јави г-динот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, иако амандманот од Комисијата за сообраќај и врски на член 61, е прифатен од страна на Владата, на кој јас лично како член на Матичната комисија имам дадено согласност, би сакал да дадам краток коментар и бидејќи се консултирав со Стручната служба во Собранието, да побарам од Парламентот да донесе и еден заклучок, ако е можно, во врска со овој амандман.

Инаку, во предложениот Предлог текст на Законот за внатрешна пловидба, членот 61 ги утврдуваше условите кои треба да ги исполнува чамец на пловидба заради

сигурносно и безбедносно пловење по езерските и речните води.

Комисијата заклучи и претставникот на Владата присутен на таа Комисија се согласи дека сите 14 елементи наведени, што треба да ги содржи чамецот на пловидба, тука се наведени заради по сигурна пловидба, меѓутоа донесовме заклучок дека сепак тоа е многу оперативно за да влезе во еден законски текст. Тоа беше едната причина, што отидовме на амандман за промена на овој член.

Втората причина беше тоа што, по дефиниција на овој ист закон чамец во пловидба се смета и обичен лимен чамец од 3 метри и глисер од 12 метри, така што заклучивме на седницата на Комисијата, доколку се прифати вака како што беше предложен самиот член, ќе дојде некои елементи од опремата која треба да ја има тој пловен објект да биде поскапа да речеме од чамецот лимен од 3 метри, кој служи само за трошоци.

Во меѓувреме, јас се консултирав со одредени граѓани кои ги поседуваат овие пловни објекти, бидејќи скоро 70% од одредбите од овој Закон се однесуваат на пловидба по Охридското Езеро и приградските населби во крајбрежието и луѓето бараат да бидат до крај сигурни дека, ќе биде така како што е предложено со новиот амандман, дека се менува членот 61 и дека сите овие наведени потреби за сигурносно пловење нема да бидат потребни за сите видови чамци.

Сегашниот нов член ќе го цитирам во интерес на запознавање на другите пратеници. Тој гласи: "Чамецот во пловидба мора да ги исполнува условите за опременост за безбедна пловидба, утврдени со Правилникот за чамци кој го пропишува министерот за сообраќај и врски". Бидејќи постои одреден страв кај граѓаните дека министерот за сообраќај и врски повторно може да прибегне во самиот правилник да ги пропише истите елементи што се наведени во член 61 што сега го изменивме, барам Парламентот да донесе заклучок, со кој ќе го задолжи министерот за сообраќај и врски, при изработката на конкретниот правилник, да ги земе предвид сите овие укажувања и да направи една реска дистинкција што е чамец од 3 метри со две весла и што е глисер од 12 метри и која опрема е потребна, значи да даде селективен пристап на тие пловни објекти. Инаку, ако се задржат сите 14 елементи за безбедност на пловење, голем дел од пловните објекти би испаднале од употреба уште наредниот ден од примената на овој Закон, а тоа би направило една голема штета на граѓаните, кои ги поседуваат истите.

Значи, со еден заклучок да го задолжиме ресорното минситерство при изготвување на овој Правилник, кој ќе биде составен дел на законот, да направи дистинкција што е чамец од 3 метри и која опрема за безбедност треба да ја содржи и што е глисер да речеме од 12 метри и која опрема за безбедност тој треба да ја содржи, што во секој случај има битна разлика околу поседувањето на таа опрема, за да не потпаѓаме после под некои санкции ако и чамците од обичните кајчина ги содржат истите опреми што треба да ги содржи глисерот.

Мислам да предложите еден ваков заклучок и истиот да се прифати, што ќе биде императив при изготвување на овој Правилник од страна на ресорното министерство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека ништо не пречи ако има повеќе елементи.

Се разбира дека максимално утврдување на елементи, значи максимална сигурност за оние големи пловни објекти.

А штом му е оставено на министерот, со правилник да ги утврди понатаму условите, јас верувам дека ќе се согласиме, заедно со изгласувањето на овој закон, да утврдиме и заклучок дека во зависност од пловниот објект ќе треба да бидат утврдени и бројот и видот на заштитните елементи што треба да ги содржи тој пловен објект, заради сигурност на граѓаните. Од тој дух, јас се согласувам со вас дека, гласајќи за овој закон ние ќе гласаме за еден таков заклучок, министерот во Правилникот да го има ова укажување од денешната седница.

Дали се согласувате вие, г-дине заменик министер?

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Самиот факт дека е прифатен амандманот...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не, тоа не е амандман, тоа ќе биде заклучок, не се работи за амандман.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Јас бев присутен на седницата на Комисијата и ние се договоривме овие детали што се предвидени во законот, да се оставаат за да се уредат со правилник. Кога ќе се изготви Правилникот, овие забелешки ќе се имаат предвид.

Ваше право е да донесете заклучок.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај, изготвувањето на овој закон ќе оди и со еден таков заклучок на самото Собрание, мислам дополнително.

Дали некој друг бара збор?

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Едно укажување. Мислам дека Собранието не може да усвои таков заклучок, затоа што со Правилникот министерот ќе врши операционализација на соодветниот член од Законот.

Ние не смееме да направиме преседан и да му кажеме на министерот или на Владата како ќе ги извршува задачите. Ако тоа што го тврди г-динот Илија Илоски, е содржано во соодветниот член од законот, тогаш нема проблем.

Меѓутоа, поентата ми е тука, не за конкретниот случај. Ние не смееме да кажеме повеќе да направи или помалку да направи министерот, од тоа што е содржано во Законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас се согласувам г-дине Алити дека тоа е точно, ние не можеме да му кажеме како тој ќе го реализира, но како дел од расправата овде во Собранието ние можеме тоа укажување да му го доставиме, па понатаму да го внесе во законот.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме, вклучете го системот за гласање.

Гласаме за законот во целина. (По гласањето).

64 пратеници гласаа "за", воздржани нема и 1 е против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за внатрешна пловидба.

Преминуваме на 8-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставен, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Ристо Тодоров.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, претставници на Влада, предложен ни е закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи. Законот го предлага Владата и тој бил во рамките на реформите на работните односи. Како предуслов, се вели во Предлогот, е намалување на невработеноста, понатаму Владата заклучува дека, невработеноста во РМ главно била резултат на нискиот степен на вработување. Предлагачот наведува уште цели и причини за да резимира на крајот дека, треба да се поедностави процедурата за отпуштање на работниците. И така поедноставувајќи ја процедурата за отпуштање на работниците и дозволувајќи им на работодавците да ги бркаат вработените од работа кога ќе им текне, Влада се надева дека ќе го зголеми вработувањето и вработеноста.

И уште препорачува да го донесеме Законот така во трчаница, оти материјата не била обемна. И не е, одвај 9 члена на две странички. За да ја забрзаат уште повеќе постапката, можеле материјата да ја скратат на еден член кој би гласел: со овој Закон на работодавците им се даваат неограничени права при вработувањето и отпуштањето на работниците и тоа право не може да им го оспори никој. Предлагачот би можел да додаде уште еден член, кој би гласел: заради малата обемност на материјата, овој Закон стапува во сила веднаш. Со тоа работата ќе се свршеше веднаш, ние пратениците нема овде од говорница да креваме прашина.

Синдикатите и така никој не ги есапи, работниците ќе можеа на раат да се спремат за прославување на 1 - ви Мај. Работодавците нека се препотуваат од законските рамки, кои ќе им ги товариме на врат. Владата пак и покрај ваквиот закон благодарение на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ќе си немаше никаква мака со невработените. Се прашувам, кој му го подметнува ова на ВМРО-ДПМНЕ. Тие 10 години пловат низ политичките води на бранот на народното незадоволство и сега со овој Закон стануваат директни предизвикувачи на народното незадоволство.

**РИСТО ТОДОРОВ:** (Продолжение)

Вака ситуациите, ние како пратеници на опозицијата треба да си седиме настрана и да оставиме политички да се удават во брановите на незадоволството, што ќе го предизвика овој закон.

Ако ВМРО-ДПМНЕ до пред година и пол грижата за народот, вклучително и за работниците ја користеше само како популистичка метода за да се доберат до власта СДСМ, било да е на власт или во опозиција, не може во своето однесување да не се раководи од програмските определби кои ги одбрал како платформа за своето дејствување и кои се заснивани врз социјалната и демократската димензија на општественото живеење.

Во ова наше општество, распоредот на општествениот чинител наречен човек е ваков, земено заокружено. Околу 400 илјади луѓе се вработени, од кои барем половината не зеле неколку месеци плата. Тука се сметаат и земјоделците. Околу 400 илјади луѓе се невработени. Околу 200 илјади луѓе се обидуваат за да бидат вработени. Сите тие вкупно претставуваат околу две третини околу избирачкото тело на оваа држава. Голем дел од третата третина се пензионери, кои најдиректно се заинтересирани за овој закон, бидејќи од бројот на вработените и од нивните плати зависи солвентноста на нивниот фонд.

Мал е бројот на заинтересираните кои ќе бидат задоволни од овој закон. Тоа се тие што можат да примат и да отпуштаат работници по своја волја. Тоа не ќе можат да го спречат ниту судовите, бидејќи за нив законот определил надлежност само во следење дали е запазена постапката за отпуштање, а не дали за тоа постоеле причини. Постапката е поедноставена до крај. Работникот е оставен сам со својот избирачки глас. Се друго е законски регулирана. Кој ќе остане без работа, ќе остане законски. Кој ќе биде без материјално обезбедување, тој ќе биде без материјално обезбедување законски.

Сосема е јасно дека не можеме само декларативно да се удираме во градите, дека сме за пазарна економија и за слободно движење на капиталот и на работната сила. За да можеме сето тоа да го примениме во пракса, ќе мора да обезбедиме соодветни услови за тоа. Сигурен сум дека околу ова прашање нема подвоеност во мислењата кај ниту еден сериозен политички чинител на актуелната политичка сцена во Република Македонија.

Структурните реформи во областа на социјалниот сектор и во областа на трудот одамна се почнати и треба да се продолжи со нивното унапредување. Во рамките на тие реформи нужни се соодветни промени и во законската регулатива на работните односи, а промените во законската регулатива на работните односи ќе бидат реформски, само ако бидат насочени кон две цели, кои се предуслов за намалување на невработеноста.

Прво, да се обезбеди поголемо вработување преку намалување на пречките за вработување и

Второ, да се заштити вработувањето преку обезбедување слобода на работодавецот во определување на платите и другите бенефиции на вработените.

Малите работодавци кои се изложени на голем конкурентски притисок, ќе можат да го елиминираат тој притисок, само ако бидат слободни во определување на платите и на бенефициите на вработените. Со тоа ќе успеат да се стабилизираат во работењето и да создадат услови за одржување на првичните вработувања, а потоа да создадат услови и за нови вработувања.

Меѓутоа, измените и дополнувањата на Законот за работни односи во никој случај не смее да се сфати само како законска регулатива за поедноставување на процедурата за отпуштање на работници. Нормално е дека работодавците нема да можат да поддржуваат некакво вработување по цена на сопственото пропаѓање. Но, исто така е нормално што ниту работниците не смеат да се оставаат на милост и немилост на работодавците.

Со Законот за работни односи и со Предлогот за измени и дополнувања како препорака на неоправдано самоволие, е предвиден да биде колективниот договор, што ќе се прави меѓу организациите на работодавците и на организациите на работниците.

По мене, битието во тоа предвидување е во новиот став 2, кој треба да се додаде на членот 89 од Законот за работни односи. Во него стои дека колективниот договор се применува и е задолжителен, само кај тие што се членови на организациите што го склучуваат договорот. Тие што не се членови практично немаат обврска да го почитуваат колективниот договор, а со тоа и Законот за работни односи, бидејќи договорите и својата основа ја имаат во Законот за работни односи.

Малите работодавци, кои нема да бидат двигатели на стопанскиот напредок

на оваа земја, можат да ја исполнат таа своја мисија, но ако не се вклучени во колективниот договор не ќе можат да ја исполнат втората важна работа што се очекува од нив. Да учествуваат во зголемувањето на вработувањето. Синдикатите можеби и можат да бидат партнер за склучување на договорите меѓу организациите на работодавците, или евентуално со Владата, но не знам како ќе го контролираат реализирањето на договорот и ако откријат неправилности кај реализирањето, со кои средства ќе можат да се изборат за елиминирање на неправилностите особено што работодавците и не се обврзани да бидат членови на некоја организација, која ќе учествува во склучувањето на колективниот договор.

Затоа, ми се чини дека предлагачот морал да предвиди некој построг термин од растегливиот должен, бидејќи не гледам што ќе се случи ако работодавците не ја испочитуваат својата должност, да работникот на кој поради некои промени му престанал работниот однос, да му обезбеди и извесни права. Кој ќе го заштити работникот?

Законот вели дека судот нема таква надлежност. Организацијата на работникот не ќе може, затоа што работодавецот не е потписник на овој Договор.

Според постојниот закон, на работникот не може да му престане работниот однос ако не му бидат обезбедени определени права, но сметам дека работодавецот и работникот треба да бидат сиемски близнаци, ама сум убеден дека и работниците не се марамчиња од хартија, кои по употребата треба да се фрлат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Ристо Тодоров за учество во расправата.

Молам, дали некој друг бара збор.

За збор се јави господинот предлагач, односно потпретседателот на Владата господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, немав намера да Ве замарам, поаѓајќи од фактот дека во Предлогот на законот дадено е образложение и целите кои се сакаат да се постигнат со овој закон, меѓутоа господинот пратеник отвори одредени дилеми и наводно со донесување на овој закон, работниците се ставени во милост или немилост на работодавците.

Јас мислам дека тоа не е целта на законот, туку напротив се сака пред се да се помогне на помалите фирми, кои од големата конкуренција од одредени периоди имаат проблем со вишок на работна сила. За да не дојде сите работници да се отпуштат со време, затоа што ако не се создадат услови, да обезбеди средства за исплата на плата, барем на дел од работници, се даваат законски решенија, олеснување при отпуштање од работа.

Во однос на заштитата на правата на работниците кои се отпуштени, тие потполно се заштитени. Се знае кои се условите за престанок на работните односи и се знае како да се бара заштита на правата од работен однос. Значи, тие институции во државата постојат и функционираат и ќе функционираат и по донесување на овој закон.

Во однос на забелешката дека, треба да се почитува колективниот договор, треба да правите разлика што е гранков колективен договор, и што е општ колективен договор. Работодавец кој не е член на организацијата на работодавците, односно Стопанската комора, она не е должна и не е потписник на гранковиот колективен договор, да го почитува тој гранков колективен договор, но е должен да определи услови согласно општиот колективен договор, кој важи за сите претпријатија, без разлика дали се членки на организацијата на работодавците или не.

Мислам, со овие решенија ќе се овозможи, фактички и се даде еден импулс на малите претпријатија, кои во одредени периоди доаѓаат во потешкотии во нивното работење со оглед на јаката конкуренција од поголемите фирми во Република Македонија.

Затоа предлагам, овој закон да се изгласа од друга позната причина, затоа што, за овој закон, како и за законот што следи после овој, имаме потполн консензус помеѓу социјалните партнери. Имаме согласност и од Синдикатот и од Стопанската комора.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот потпретседател на Владата за учеството во расправата.

За збор повторно се јави господинот пратеник Ристо Тодоров.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Точно е тоа дека се даваат можности, како што кажа потпретседателот, на помалите фирми за полесно да ги отпуштаат работниците и да останат тие како фирми, да се задржат, меѓутоа на кој начин се дава и на кој начин го регулира постоечкиот закон и законот сега што се предлагаат измените. Зборот "должник" работодавците што се должни треба да се смени амандмански, тоа е мој предлог и да се остане на стариот закон, затоа што сметам дека тој е по поволен за работниците, а и не само за работниците. Тој ќе биде по поволен и за нас, затоа што ние по изменување на мандатот, можеби и ние ќе работиме кај работодавци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Ристо Тодоров.

За збор се јави господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници. Во овој пакет кој го викаме реформски закон, Законот за работни односи и Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Во основа искрено да кажам, доста ги проучувавме овие закони во Комисијата за труд, јас не можам да сфатам која е реформата, целта и стратегијата во овие девет члена, исклучувајќи го односот на шест члена кои се однесуваат на колективниот договор.

Во основа и самиот предлагач во образложението кажува дека, ќе следат реформи во работното законодавство со една единствена цел, а тоа е вработување, зголемување на вработувањето и отпуштањето на работниците, согласно објаснувањето за вклопување на пазарот на капитал, на пазарно стопанство, или пазарот на труд. Во основа со реформите или измените на овие закони би требало да овозможиме работодавецот на оние работници кои не ги извршуваат работните задачи, кои не постапуваат согласно правилниците да можат без поголеми проблеми да бидат отпуштени, а не како што беше во поранешното законодавство, тешко беше да се вработиш, но никој не можеше да те отпушти.

Во овој Закон, јас не можам да ги видам тие реформи, целосно се концентрирав и мислам дека целата интенција на законодавецот, се насочува и се преструктуира околу член 7.

Членот 7, законодавецот го објаснува со измена, тврдејќи дека тоа е ново техничко подобрување и поради по јасност во примената на законот. Би сакал на пратениците да им стане јасно за што се работи.

Се работи, за измена на член 130, многу познат во Законот за работни односи и во македонската јавност. Членот 130 гласеше: на работникот не може да му престане работниот однос, ако работодавецот не му обезбеди едно од следните права. Што значи, на конкретен пример, дали малиот работодавец, или големиот работодавец, досега поради технолошки структурални промени не можеше да му издаде решение на работникот за престанок на работен основ, додека не исполнеше едно од трите наведени права. А тоа е:

Прво, доколку не му обезбеди вработување кај друг работодавец без оглас и со спогодба. Тоа е она познато префрлување од мали работодавци во големи или спогодбено, или со преземање на работниците. Тоа е, првиот услов кој требаше да го исполни работодавецот.

Вториот услов кој требаше да го исполни работодавецот е на работникот доколку не му овозможеше пре квалификација, до квалификација за вработување кај друг работодавец и

Третиот услов, што е еден од битните услови доколку на работникот не му овозможеше исплаќање на испратнина, согласно времето поминато кај работодавецот и тоа за секој две години по еден месец, а најповеќе 12 месеци во годината. Тоа е онаа испратнина која се исплаќаше на работниците и потенцирам што се исплатува со денот на престанок на работниот однос.

Со измената во член 7 истото тоа се задржува, сите овие права, а да ме разберат и пратениците сега тој гласи: "ако на работникот му престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени, работодавецот е должен да му обезбеди едно од следните права".

Значи, работодавецот ќе му издаде решение за престанок на работниот однос и понатаму е должен да му ги обезбеди овие права. Особено проблематична е овде

испратнината. И што ќе се случи во праксата? Од еден чист член, многу јасен член ќе добиеме една состојба во која и малите работодавци, а и големите работодавци ќе речат, точно е, тебе ти престана работниот однос, ги имаш правата, но сега ни е блокирана жиро сметката, технолошки проблеми, економски, па ќе ти исплатам сега, за вработување не станува збор, за преквалификација не. Ти следува едногодишна отпремнина, но, ќе ти исплатам. Тогаш се случува, должен е тој, обврската не се избегнува, ќе почнеме да водиме судски спор. Работодавецот врз основа на судските спорови, и овој Закон го регулира тој начин на оспорување на правата од работен однос ќе го оствари тоа право, но од чист член ние правиме нешто што ..., која е целта на законодавецот.

Разгледавме одредени мислења и мене не ми беше јасно, тие велат тоа е исто, само ги менуваме зборовите. Не е исто. Знаете, многу е битно да ти престане работниот однос па да ти го обезбедува, или да не може да ти престане. Тогаш работодавецот е должен прво да го исполни, имаме претходно прејудицијално прашање која беше целта на предлагачот, на Владата, навистина не можам да сфатам зошто се предлага овој Закон, особено ако се однесува на малите работодавци. Во основа морам да истакнам и претставникот на Владата треба да се произнесе, бидејќи во Македонија се случуваат структурални економски промени или економски реформи.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**
(Продолжение)

Владата, оној огромен број претпријатија, или првите 10 загубари треба да ги продаде на стратешки партнер, со тоа што во таа спогодба, во одреден број, во одредени од нив ќе останат технолошки вишок, поради економско преструктуирање, согласно Спогодбата новиот стратешки инвеститор што нема да ги превземе. Еден дел од тие претпријатија нема да ги преземе стратешки инвеститор и тие, исто така, целокупниот број работници ќе остане без работа или доколку поминат во стечај ќе останат, ќе им се издадат решенија за престанок на работниот однос. И, новиот број на фирми, Владата го изготвува списокот за уште 10 фирми, некаде цирка околу 10.000 вработени би останале согласно овој Закон за работни односи, без работа.

Што се случува? За сите овие работници, бидејќи овие фирми ги немаат потребните средства, се јавуваат и во продажбата и во престанокот, ликвидацијата на овие фирми, како гарант, особено при продажба на стратегиски партнер, се јавува Владата. Сите овие обврски, покрај обврските за здравство и пензиско, обврските за исплаќање на отпремнините ги презема Владата. Ако тоа сака да го постигне Владата преку овој член, преку номо техничко и правно изигрување на зборовите, јас мислам дека не е фер и не е чесно кон овие работници, барем она што е елементарно, што го заслужиле во својот работен век и по тоа да одат. Ќе се направат социјални немири, ќе интервенираат, ќе излегуваат за еден месец и на Владата, доколку го продава на стратешки партнер, доколку ги ликвидираат овие фирми сами да ги преземат тие обврски.

Што значи амандманот на пратеникот Ристо Тодоров, колегата, потполно е во право и тој амандман сигурно пратениците треба да го прифатат, доколку претставникот на Владата не ги убеди пратениците. Инаку, пратениците, сигурно не ги замолувам, но кажувам дали сфатија за што се работи. Се работи за еден јасен, многу јасен член и многу битен член за натамошно функционирање. Пак ќе потенцирам, не е исто да престане работен однос, да добиеш решение, конкретен пример или и да се оствари правото претходно или да ти даде решение, па после да трчаш, едноставно речено, да ги оствариш правата.

Тоа е во корелација и сооднос и со другиот закон, Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. И за него имаат амандман одредени пратеници. Исто и во тој дел, овие работници, технолошкиот вишок, кој до сега ги остварувале досега, продолжуваат да ги остваруваат правата во Заводот за вработување и тука имам интервенција и за тоа ќе кажам.

Сметам дека ова е суштината, барем според мои согледувања и гледања на Закон за работни односи, менување во девет члена, а самиот предлагач кажува дека на овој Парламент ќе му предложи, врз основа на целите на стратегијата, целосна измена на работното законодавство. Инаку, во одредени делови се согласувам со другите членови, особено на едниот многу битен член, што сакам да го коментирам и се надоврзува на овој член. Тоа е она што досегашното законодавство

даваше право на судовите да ја ценат целисходноста, дали работодавецот може да прогласи технолошки вишок или не.

Затоа сметам дека, доколку парламентарното мнозинство во овој општ претрес го поддржи овој закон, во секој случај да го поддржи и амандманот на пратеникот Ристо Тодоров, врз основа на неговото образложение, а кога ќе дојде амандманот, дополнително ќе се обидеме врз основа на нашите сознанија, да придонесеме во расправата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Александар Гештаковски за учество во расправата.

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави г. пратеник Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседател, претставници на Владата, колеги пратеници, се прашувам со кој закон има 300.000 невработени во Македонија. Останаа толку многу луѓе без работа. Дали со овој што ќе го донесеме, со неговите измени или со оние што постојат во Законот, решенијата?

Мислам дека не е проблемот во Законот. Можеме да донесеме какви сакаме, нека бидат совршени закони, меѓутоа ако не се менуваат работите во нашето стопанство, ако работите не ги решаваме од темел, куќата не се гради од покривот. Мислам дека ВМРО-ДПМНЕ, така не прозва колегата пратеник, не придонесе за толку големата невработеност, иако последиците ќе се чувствуваат долго и уште долго ќе мора да се лечат раните што ги направија тие. Телото што го разранија ќе крвави уште долго.

Меѓутоа, ова Собрание мора да донесе закони, во кои што ќе проба, барем тоа што може да се спаси да се спаси. Станува збор со овие измени да се направи обид, барем некое од малите претпријатија да можат да преживеат, со тоа што да се заштитат и вработените, луѓето кои ќе останат без работа.

Сакам да кажам дека ќе го поддржам овој проект и сепак, уште еднаш ќе кажам, иако лично не верувам дека кој знае што ќе се реши, меѓутоа мислам дека ќе биде од полза, посебно за малите фирми, претпријатија и дека на граѓаните можеме само да им помогнеме ако нашето стопанство тргне напред. Никако поинаку. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илија Лазаров за учеството во расправата.

За збор се јави г. пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, најнапред би сакал да кажам, бидејќи бев испровоциран од дискусијата на колегата, Законот не го предлага ВМРО-ДПМНЕ, туку Владата која е коалициска и составена од повеќе партии, меѓу кои и ВМРО-ДПМНЕ.

Следна работа, би сакал да направам споредба со законодавствата на другите земји. Како пример ќе ја дадам Америка. Таму, во Законот за работни односи е дадено работодавачот да може без, речиси никаква причина да го отпушти работникот. Ако гледаме по таа логика, во Америка би требало да имаме големи незадоволства и т.н. Меѓутоа, таму конкретно ситуацијата е сосема различна. Теоретски, имаме одреден процент на невработени, меѓутоа практично речено и да нема невработени, со тоа што значи услов за вработување и не вработување не е отпуштање и примање на работа.

Следна работа што овде беше потенцирана, е односот помеѓу работникот и работодавачот. Доколку ги анализираме самите зборови, ќе видиме дека од една страна имаме работник, а од друга имаме работодавач. Работодавач е човек кој дава работа. Ова се две суштинско различни работи и така треба да се третираат.

Околу заштитата на работникот, да не се прави фама или да не дискутираме во друг дух, освен пазарниот, би кажал кратко и јасно дека единствена заштита на работникот е работата. Во денешно време кога имаме голема невработеност, јас работев во приватна фирма од моето дипломирање па додека станав пратеник, можам слободно да кажам и би сакал да ми верувате во тоа дека и денеска е тешко да се најде работа. Ве уверувам дека никој еден работодавач нема да отпушти од работа добар работник. Тоа е прва работа и овде не би требале да дискутираме.

Втората работа сопирачките воспоставени со досегашниот закон, теоретски не е возможно, меѓутоа практично е многу тешко отпуштање на работници. Тоа слободно можам да го кажам, бидејќи во праксата е така. Имаме

одредена класа работници кои единствено во својот работен век знаат да прават проблеми или се она што не е поврзано со работата.

Затоа сметам дека законот е во ред, ќе го поддржам и се надевам дека ќе имаме нов Предлог на закон, во кој што сите овие работи ќе бидат многу подобро регулирани. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Горанчо Трајков.

Со ова ја исцрпивме листата на дискутантите.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците кои се надвор да влезат, за да можеме да пристапиме кон легитимно одлучување.

Оние пратеници кои излегоа ги молам да влезат во салата, бидејќи сме некаде на работ на кворумот.

Ги молам пратениците за трпение, нешто многу се раздвижени, шетаат, одат и т.н., а ве молам, ако сакате да работиме сериозно.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Ве молам да гласаме.

55 пратеници гласаа за, 4 се воздржани, а 10 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

55 пратеници гласаа за, 2 се воздржани, а 9 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 2, член 3 и на член 4, со кој се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Ристо Тодоров поднесе амандман за бришење на членот 7, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Борислав Трповски и Илија Георгиев поднесоа амандман на член 6, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски, поднесе амандман за додавање на нов член 8-а, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6, поднесен од пратениците Борислав Трповски и Илија Георгиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

14 пратеници гласаа за, 7 се воздржани и 47 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 6, поднесен од пратениците Борислав Трповски и Илија Георгиев.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7, поднесен од пратеникот Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, извинете, во меѓувреме се јави г. пратеник Александар Гештаковски. Повелете.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

И во општиот претрес се обидов да објаснам за што се работи.

Сега ќе се обидам по едноставно или по народно и да бидам сфатен, кога предлагаме одредени амандмани, навистина суштински, или не можам добро да ги образложам или колегиве пратеници не можат да разберат за што се работи или се под притисок.

Досегашниот член 130, едноставно ќе го објаснам, во едно претпријатие "НН" така да го наречеме, порано ќе изготвеше своја програма за технолошко -економско преструктуирање, ќе излезеше дека има 10 работници вишок. На тие 10 работници вишок работодавецот не можеше да им издаде решение за престанок на работен однос, додека не им обезбедеше едно од трите права што ги набројав и пак ќе ги набројам:

Првото право е да им обезбеди вработување во друга работна организација без конкурс по спогодба.

Второто право, да им обезбеди пре квалификација и до квалификација за вработување кај друг работодавец.

Точно е, некој пратеник дофрли дека овие права тешко се овозможуваат, каде има технолошки вишок и особено првото право, најпознатото, во членот 130 се користеше, по пат на спогодба за преземање на работници.

Додека третото право што работодавачот мораше да му го исполни, тоа е да ја даде отпремнината. Ако бил 5 години кај работодавачот, ќе му исплатеше за 2,5 месеци, но најмногу за секои две години по еден месец, што значи ако бил 24 години, тогаш 12 месеци. Ако бил и 30 години, пак 12 месеци.

Сега, со оваа измена што Владата ја карактеризира како номо -техничко подобрување, поради по јасност во примената, не знам која е не јасноста во овој дел, од влегување во сила на овој закон на претпријатието "НН" во кое има 10 работници технолошки вишок, ќе им се издаде решение за престанок на работен однос и вели дека работодавецот е должен да им ги обезбеди овие исти права од збор до збор што се наведени. Тоа е измената.

Сметам дека, или се штити, она што го укажа, во делот на големите претпријатија или сакаат да се овозможи, тие права кои се изворни права, му припаѓаат и во едниот и во другиот случај, но дистинкцијата или разликата "е должен да му ги обезбеди и пред да престане работниот однос", тука е разликата. Да бидеме сфатени. Мора да ги обезбеди. Создаваме проблеми и кај малите фирми, особено кај големите, зборував и за државата, особено каде државата е должна на оној работник, за кого ќе превземе обврска, за големите претпријатија и малите кои се ликвидираат, да ги исплати на работниците. Дали по една година или по пет месеци, должна е. Но, најдобро е решението со кое се овозможува, со бришењето, односно со прифаќањето на овој амандман бришење на членот 7 и враќање во поранешната состојба. Нема никаква друга логика. Јас не ја гледам таа логика кога се овозможуваат правата, а после се одолговлечува. Тоа е, дали колегиве пратеници ме разбираат или не ме разбираат.

Благодарам и би сакал да се поддржи овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Александар Гештаковски за дообјаснувањето.

Збор побара пратеникот г. Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Испровоциран сум од расправата на г. пратеник Гештаковски и не навлегувајќи во материјална расправа за амандманите, би сакал само да го замолам, понатаму без разлика што тој многу пластично објаснува, да не ја доведува во прашање критичката моќ на расудување на останатите пратеници, кои гласаат различно од него. Затоа што повеќе пати тој инсинуира дека само тој е во право. Благодарам.

**САВО КЛИМОСКИ:**

Секој сака да го каже своето мислење.

Затоа е Парламентот тука.

Господинот Гештаковски бара реплика.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас ја доведов во прашање критичката моќ на размислување, прво мојата. Пред се мојата.

Прво кажав дали јас не сум доволно јасен, по однос на амандманите. Знам дека се суштински, битни и не навлегувам понатаму.

Ако и понатаму пречи не би требало да ги повикувам пратениците да поддржат одредени работи што се во општ интерес и доколку држат, тоа сигурно нема да го правам. Понатаму ќе се држам согласно Деловникот и моите дискусии ќе ги насочувам сигурно кон нашите пратеници, кон кои ние се поддржуваме и претходно размислуваме. Сигурно нашите на опозицијата се према позицијата со никаква друга намера да ја потценува нивната моќ на расудување, на размислување, сфаќање.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Бедредин Ибраими сака повторно да се вклучи во расправата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, навистина се работи за едно техничко дотерување на членот 130 од Законот за работни односи. Ако внимателно го прочитаме тој член, односно предлогот што се дава во Предлогот на законот, само се работи за едно техничко дотерување и составување на одредба по вкусот на Светската банка. Сите права на работниците се обезбедуваат, кои поради технолошки или структурални промени во одредени претпријатија ќе им престане работниот однос.

Образложениеto е следно, првиот услов, ако на работник му престане работниот однос, значи со закон е утврдено дека на работникот, поради технолошки причини може да му престане работниот однос. Овој член вели, ако му престане поради економски, технолошки и структурални или слични промени, работодавецот е должен да му обезбеди едно од следните права.

Според првиот случај, во никој случај не може да му престане работниот однос доколку биде прогласен како технолошки вишок, тој треба со склучување на таа спогодба со друг работодавач, треба да го преземе работникот кој е прогласен за технолошки вишок. Значи, да го активира работниот однос кај работодавецот од кого се презема работникот, кој останува без работа поради технолошки вишок.

Второто решение, исто така вели, работодавецот е должен да го упати на стручно оспособување, пре квалификација или до квалификација за работа кај друг работодавец.

Особено третиот услов, многу јасен, кој вели дека му исплатува еднократен надомест во вид на испратнина, која се исплатува со денот на престанокот на работниот однос. Се работи за толкување. Како ќе се толкува ова?

Јас мислам дека и судот, но и Парламентот ако некој субјект се обрати да побара толкување на овој член, толкувањето ќе биде во смисла на вашите укажувања господине Гештаковски.

Затоа, дозволете овој член да помине вака, бидејќи на работниците на кои им престанува работниот однос поради овие економски и технолошки причини, навистина се обезбедени со сите права како и досега.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Владата за објаснувањата.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

И самиот министер кажа дека се работи за исто, иако ни го цитираше стариот. Правата од буква до буква, од збор до збор, не се менуваат.

Ако е така како што кажува министерот, нека го прифати амандманот да си остане старото решение. Не можам да сфатам која е целта и улогата сега на Меѓународната банка, игра на зборови. Јасно е. Не може да му престане работниот однос, не може да му се издаде решение на работникот додека не се исполнат правата. Тоа е старото решение. Сега ќе му издаде решение за престанок и има разлика.

Јас потполно го поддржувам министерот. Нема потреба од цитирање на правата, правата се исти, не се менуваат во ништо. Само со една игра на зборови се постигнува дали претходно ќе се реши прашањето од овие битни права, или работникот после тоа ќе го остварува во судови. Инаку Меѓународниот монетарен фонд требало да му се објасни. Јас потполно разбирам, но ако нема разлика меѓу ова јас што го кажувам, ако е исто, нема потреба ниту од менување, министерот нека го прифати амандманот и се ќе биде во ред. Правата ќе ги оствари, но прашање е како и кога. Како и кога?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по ова прашање и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

14 пратеници гласаа за, 42 против, и 10 се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 7, поднесен од пратеникот Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 8-а, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

13 пратеници гласаа за, 13 се воздржани и 39 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 8-а, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме за Законот во целина.

53 пратеници гласаа за, воздржани нема и 11 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на законот.

Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри и колеги пратеници, и овој закон е еден од пакетот на закони кои претрпуваат измени и по однос на овој Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, сакам да искажам неколку свои забелешки, иако по истиот имам поднесено и свој амандман.

Меѓутоа, сакам во општата расправа во која верувам дека ќе се вклучи потпретседателот, инаку министерот надлежен од овој ресор за да навистина донесеме измени на закон, кои ќе бидат во интерес на сите граѓани на Република Македонија, закон кој морам да кажам е од реформските закони и тој трпи само измени, меѓутоа сите измени и сите реформски зафати, според мене треба да бидат подеднакво распоредени на сите граѓани посебно, бидејќи се работи за работници, да биде подеднакво распореден на сите. Законот дава поголеми ингеренции на Заводот за вработување во обласа на обука, преквалификација и доквалификација на работници, или како ги викаме технолошки вишоци.

И тука сигурно немам никаква забелешка. Се дава можност овие работници да се оспособат за нивно ново вработување. Исто така се дефинира што е тоа невработен, или невработено лице, како и до дефинирање на определување на висината на паричниот надомест, кој невработеното лице по престанок на работниот однос треба да го прима преку Заводот за вработување и на тој дел од измените реформски ако се, немам никаква забелешка.

Меѓутоа, читајќи го образложението и читајќи го законот до крај, морам да кажам дека меѓу другото се зборува дека целите за донесување на овој закон се и во подобрување во редовноста во исплата на паричниот надоместок по основ на невработеност, подобрување на ликвидност на Заводот за вработување, а сигурно и во намалување на дефицитот на буџетот, бидејќи овие средства одат од Буџетот на Република Македонија. И сето тоа е ставено во еден член, тоа е членот 6 во кој досегашниот критериум на заминување во технолошки вишок до остварување на едно од правата за пензионирање беше 25 години стаж.

Сега се предлага во член 6 да биде мислам над 25 години стаж, сега се предлага во член 6 тој критериум да биде заменет со критериум 15 години најмалку работен стаж и 55 години возраст. Од податоците што ги имам, несомнено доаѓаме во состојба еден дел од работниците посебно работници кои се во индустриските гранки како што е текстилот, чевларството и земјоделството кои најмногу ангажираат женска работна снага, ќе дојдат во многу не рамноправна положба или поточно да кажам ќе дојдат во состојба, иако имаат 29 години работен стаж, 28 години работен стаж по примање од 18 месеци надомест преку Заводот, да останат без никакви примања, или просто речено да бидат на улица, иако имаат направено работен стаж од 29, или 30 години.

Дека ова е точно само ќе изнесам аргументи, за кои мислам дека мора како пратеници да водиме сметка, бидејќи во Република Македонија најмногу ангажирани работно се жените во текстилната, чевларската и земјоделските комбинати. Не постои град во Македонија во кој немаме

таква работна снага. Ако ја землеме реалноста дека сите овие работници се вработуваат некаде околу 19 и 20 годишна возраст, кога полнат 49 или 50 години, имаат стаж од 30 години, ќе примаат 18 месеци надомест, ќе наполнат 51,5 години, се прашувам од 51,5 година до 55 години, каде ќе се најде ова население овие работници, знаејќи дека во текстилната, посебно во текстилната индустрија имаме турболенции, каде имаме многу силно работно ангажирање, меѓутоа имаме и работно ангажирање во огромно опаѓање.

Бидејќи сега економската состојба во Република Македонија воглавном сите текстилни фабрики што работат, мора да кажеме дека работат на лон производство, или да кажеме многу зависно од надворешниот пазар. Значи многу брзо можат да дојдат во состојба на технолошки вишок, иако немаат потпишано договори, според законот што пред малку го усвоивме нормално ќе се најдат на Заводот за вработување.

Се прашувам што со тие луѓе кои 30 години издвојувале од својот заработен труд, издвојувале во Фондот за здравство, во Пензискиот фонд, издвојувале во Фондот за вработување, сега доаѓаат во состојба да не можат, да и фали тригодишна возраст за да ги остварат своите права. Ако се дефинираме како држава, социјална држава, тогаш мора да водиме сметка и за овие работници кои после 50 години ќе останат не згрижени, а работници кои имаат само 15 години работен стаж, а наполниле 55 години, само 15 години издвојувале во сите овие фондови, тие ќе бидат згрижени.

Ако се прават измени, мислам дека мора да се води сметка за граѓанинот, мора да водиме сметка за една ваква состојба и сигурно дека според мене критериумот од 25 години треба да остане, а ако се сака, а треба да се сака, да им помогнеме на нашите работници да остане и другите критериум, како што тоа досега секогаш во сите овие проекти имавме работен стаж и старост.

И уште една работа овде морам да кажам, мора да водиме сметка ако и со Законот за пензиско и инвалидско осигурување што вчера го донесовме, па ставивме различни граници на старост, на возраст, за маж и за жена, не можеме овде ако одиме само на овој единствен критериум старост, ако одиме само на тој критериум старост, не можеме под ист аршин да ги ставиме и мажите и жените, бидејќи вчера донесовме закон со различна старосна возраст. Барем тука да водиме сметка, посебно да водиме сметка дека се наоѓаме во Република Македонија, која реков е позната со вработувања во овие неколку индустриски гранки.

Не би сакал навистина овие работници кои дале се во времето на својот најдобар работен век, сега да се најдат не згрижени. Мислам дека тоа не е цел, ниту на позицијата и верувам дека амандманот што го поднесов можеби не е најдобро дефиниран. Затоа и земав збор во општата дискусија, меѓутоа мислам дека мораме да водиме сметка за една поголема правичност, во однос на тоа што утре ќе ни се случи, бидејќи технолошките вишоци кои настанаа во изминатиот период, зборувам за општина Куманово, најголем дел беа од текстилната и чевларската индустрија и сите што отидоа како технолошки вишоци со над 25 години, се на возраст од 46 до 51 година.

Тоа се аргументи кои постојат и со тие аргументи мора да се соочиме и мораме да прифатиме дека, покрај овој старосен критериум, треба да остане и критериумот работен стаж или пак да биде само работниот стаж, бидејќи кај нас 30 години се остварува со 49, со 50 години старост.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, произлегува дека овде за граѓаните се грижи само опозицијата. Се што предлага Владата и се што треба да изгласаат пратениците од позицијата, оди на штета на граѓаните.

Јас ќе се обидам со други аргументи да докажам дека, не се греши со понуденото решение. Замислете ја оваа ситуација, бидејќи се работи за право кое се користи до пензионирање на работникот, или пак ако не се исполни еден од условите за престанок на работен однос. Со Законот за работни односи, еден од општите услови за засновање на работен однос е возраста од 15 години. Во случај да имаме вработен на 15 години, со 25 години работен стаж, во случај тој да остане без работа и да го користи надоместокот за невработеност, тоа право ќе го стекне на 40 години. Замислете кој ќе биде товарот на државата да му исплатува до 64 години, додека тој не ги исполни условите за пензија.

И покрај ова стекнатите права, односно сите граѓани на кои им престанал работниот однос и го стекнале правото со 25 години работен стаж, тоа си продолжуваат да го користат. Значи тука нема да има никакви скратувања на тие права, туку ќе важи за

граѓаните на кои во иднина ќе им престане работниот однос, а правото за надомест за невработеност ќе го користат ако кумулативно ги исполнуваат двата услова, односно да имаат 55 години старост и најмалку 15 години работен стаж.

Во последно време имаме и голема злоупотреба на овој член. Имаме престанок на работен однос во договор работодавец и работник. Имаш 25 години, ќе те прогласи за технолошки вишок, ќе одиш во пензија, ќе користиш надоместок за невработеност, а ќе можеш да работиш нешто и приватно, а тоа е многу присутна појава во Република Македонија, за која појава од Министерството се изготвуваат мерки да се прекине со дивото вработување и не пријавување на ангажирани лица кои работат, а воедно користат или надомест за невработеност, или социјална помош. Значи да се спречи оваа појава.

И другото што го реков пред ова, мислиме дека решението е многу прифатливо, а пред се ако се има во предвид дека на работници на кои им престанал работниот однос со 25 години, овој закон нема да ги опфати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Бедредин Ибраими.

Претпоставувам дека провоциран од дискусијата на г-динот Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Јас претседателе немав намера да искажувам аргументи, со кои еве опозицијата ќе штити нешто и дека не ги прифаќам предлозите на позицијата. Реков дека во целиот закон сите членови кои се дадени, исто така дадов поддршка своја дека се добри. Меѓутоа, јас во мојата дискусија изнесов непобитен аргумент кој живее во РМ дека наши работници со 30 години стаж, во овие гранки што ги кажав полнат некаде 48 или 49 години старост. По Предлогот на закон тие од Заводот за вработување имаат 18 месечен надомест преку кој надомест добиваат и пензиско и инвалидско и здравствено осигурување. Што станува со овие вработени кои ќе отидат под Завод по нивно полнење од 51 година. Што ќе биде од 51 до 55, додека го стекнат правото за непрекинато користење на овој надоместок до остваруваше на едно од правата за пензионирање, за жени 35 години работен стаж, за мажи 40. Прашувам овие 3, 4 или 5 години каде ќе се најдат, не сега работници на опозиција, работници на Македонија и не сакам да замислувам ништо, искажувам аргументи кои се точни. Проверете во Заводот за вработување ќе видите, од идните технолошки вишоци, не, еве во Ваше време сега, да кажеме порано, на која возраст се. Што ќе стане со тие луѓе таму. Има ли можност. Ако имало некоја злоупотреба тогаш навистина треба да имаме добра инспекција. Ако немаме добра инспекција џабе што го донесуваме законот.

Второ, не сфатливо е дека во Законот вчера што го донесовме, еве се борам за дел од работници, еве искажувам свое мислење за жени. Закон со кој пензионирањето на жените е различно. Сега стекнување на тоа право до пензионирање е подеднакво исто, а искажувам дека Македонија е држава во која има најмногу вработени во текстилот, каде 80% е женска работна сила.

Се прашувам уште нешто. Сега земјоделските индустриски комбинати се во трансформација, во економско преструктуирање. Мора да се јават технолошки вишоци. И тие се вработуваат на 19 или 20 години. Нема вработување во Македонија со 15 години, министер. Нема вработување ни со 30. Знаеме дека тоа е тешко. Ова не го зборувам од име на опозиција, туку се борам за права, заради тоа што, еве предложила опозицијата. Зборувам со аргументи.

Ако тоа не е доволно, јас само ќе кажам дека не сакам ништо да замислувам туку сакам факти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Благоја Стојковски.

За збор се јави пратеникот Борислав Трповски.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, во однос на Предлогот за донесување на законот за измена и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, мислам дека клучно прашање и измената во овој закон се однесуваат на паричниот надоместок, кој се дава во случај на невработеност.

Претходно слушнавме, беше елаборирано нешто во однос на овие права и видовме што е предлогот и мислам дека она што се нуди во член 4 всушност значи скратувањето на правата на работниците и тоа скратување на права на работниците, во однос на онаа категорија на вработени кои имаат поголем стаж во однос на оние кои ќе имаат помал стаж.

Всушност мислам дека треба да имаме сосема друг пристап во остварувањето на овие права. Мислам дека, стажот претставува далеку поголем основ во однос на староста во остварувањето на правата. Тоа би го поткрепил со одредени аргументи и тоа. Поголемиот стаж значи дека, работникот во текот на своето работење остварува поголеми права, во смисла на тоа дека се давани поголеми надоместоци и придонеси спрема државата.

Понатаму имаме категорија на работници кои имаат бенефициран стаж, па по тој основ стекнале далеку поголем стаж во текот на работењето. И на крајот во делот на стопанството, во индустријата, имаме луѓе кои се вработуваат на помлади години, 18 или 19 години и имаат остварено далеку поголем стаж. И сега ќе имаме случаи да немаат старост од 55 години, и ќе неможат да го остварат правото на паричен надоместок, кој им следуваше по стариот Закон.

Од овие околности мислам дека член 4 не треба да претрпи измени, или пак ако се сака да се намалат одредени злоупотреби, како што беше истакнато од страна на министерот, мислам дека додатни мерки во делот на контролата. Тука може да се интервенира. Меѓутоа не треба да се задира во она што значи поголем стаж како право за остварувањето на паричен надоместок, бидејќи треба да се направи една анализа и од таа анализа ќе се види дека во делот на стопанството и индустријата имаме категорија на луѓе, кои се со поголем стаж, поради тоа што се вработени доста порано и ќе не можат да го остваруваат ова право. И мислам дека ќе имаме категорија на луѓе кои фактички ќе останат без овој надоместок и без работа и државата ќе има проблем со една ваква категорија на луѓе кои ќе немаат години на старост, а ќе имаат стаж.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Борислав Трповски за учество во расправата.

За збор се јави пратеникот Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бев инспириран од неколку претходни пратеници излагачи, па иако немав намера да се јавам за збор, сепак да појасниме некои работи.

Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигрување во случај на невработеност, има доста јасни цели и мислам дека се сака да се сокријат токму оние измени кои, напротив му користат на работникот. Имено овде се зборуваше за некои злоупотреби и се алудираше на тоа дека треба по ажурно да работат инспекциските служби. Но, што да правиме со работодавците кои до вчера и претходната власт, нели ги уништуваше, нашите фирми, општествени фирми, отвораа свои текстилни конфекции. Еве ќе го земам примерот во Кочани "Прима", една од најдобрите конфекции во Македонија со 830 вработени. Сите вработени во оваа фирма беа наобразовани, според посебна програма и во институции на образованието. Што се случи? Оваа фирма отиде во стечај за само 100 илјади германски марки, а тие остваруваа месечен приход над 450 илјади германски марки. Што се случи?

Приватните конфекции кои се отворија во тој момент, ги земаат најдобрите и најквалитетните работници од оваа фирма и за истите, едно што не им плаќаа како што треба, ги преквалификуваа во своите погони, а каква стручност за вршеше на такви преквалификации имаат самите властодршци.

Токму овој закон сака да го спречи, тоа што го користеа претходните власти, земаа од Бирото за вработување огромни суми на пари и вршеа преквалификации на веќе оквалификувани луѓе. По некоја година ги тераа овие луѓе за кои не им плаќаа никакви давачки, па некој друг од нивните колеги ќе ги прими, па тој повторно на име преобука, не ја ризнава претходно извршената пре обука па сега врши повторна пре квалификација и повторно од Бирото за вработување зема надохнада. Значи токму овој закон ги дефинира овие начини на обука и пре квалификација. Таква е промената на членот 15 кој вели: "Обуката и пре квалификација и до квалификацијата се организира и врши во Заводот, односно кај работодавецот според посебни програми, под услови и начин утврдени со акт на Заводот". Односно по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи: "обуката и пре квалификацијата или до квалификацијата може да се врши во јавни или приватни установи од областа на образованието, во согласност со прописите на образованието". Значи не може некој неук да пре квалификува работници од било кој дел.

Овде се спомна дека, многу луѓе ќе го изгубат она што им следува, односно во случајот тие да го изгубат работниот однос. Не се согласувам ни со тоа. Токму во членот 81 е кажано: "паричен надоместок на невработеното лице се исплаќа најмалку 3 месеци, ако има стаж и осигурување најмалку 9 месеци, и непрекидно траење од 12 месеци, потоа 7 месеци, 10 месеци и т.н., зависно од

годините на стаж.

И на крајот се менува вториот став кој вели:  На невработеното лице кое има над 25 години стаж, се заменува со лица кои имаат повеќе 55 години, односно 15 години стаж. Значи многу по содржаен и многу по опфатен закон.

Мислам со овие два аргумента, има и други кои може да се истакнат, се укажува дека овој закон е многу подобен за работниците. Треба да знаат сите граѓани на Републиката, дека со овој закон тие се многу по заштитени. Тоа јас лично би го прифатил и им сугерирам на сите пратеници дека нема никаква дилема околу прифаќањето на овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Крале Спанчевски за учество во расправата.

Како последен дискутант го имаме пратеникот Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата, немав намера да дискутирам, меѓутоа потпретседателот на Владата изнесе еден пример и јас сакам по него да дискутирам.

Имено он зема еден претпоставен пример дека, некој ќе се вработи на 15 години, 25 години стаж да оствари по стариот Закон и на 40 години ќе може да користи социјална помош до неговото следно вработување, или евентуално до неговото пензионирање.

Јас го поставувам прашањето, што би правела државата ако и такви работници дојдат на товар на социјалните фондови. Јас го поставувам прашањето обратно. Што би правел тој работник, еве нека не биде на 40, нека биде на 45 години, формирал семејство, има 2, 3 или 4 деца на школување се, нема работа, нема можност да прима социјална помош до 55 -та година возраст.

Би сакал г-динот министер да ми објасни што ќе прават тие семејства. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Илија Филиповски.

За збор се јави министерот Бедредин Ибраими, веројатно да одговори на прашањето.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Без разлика на возраста на работникот на кој ќе му престане работниот однос, согласно должината на работниот стаж он ќе може правото на надомест за невработеност да го користи најмногу до 18 месеци. Значи со ова се обезбедени и оваа категорија на граѓани. После тоа он ќе се префрли во системот на социјална заштита. Значи има други системски закони, кои се грижат за граѓаните на Република Македонија. Вие како го претставувате проблемот, он после ова, ако вака се прифати законот, практично нема од што да живее.

Напротив он ќе влезе во системот на социјална заштита и државата се грижи за такви случаи. Исто така, има и здравствено осигурување, така да граѓаните се обезбедени. Јас мислам тоа е одговорот. Друг одговор нема.

Затоа јас мислам дека не треба да се прави фама дека, предлагачот работи и предлага закони кои одат на штета на граѓанинот. Тоа не е точно. Пред се, јас, еве уште еднаш повторувам, само да се спречат злоупотребите на досегашното решение каде што работодавец со работник кој има 25 работен стаж ќе го прогласи за технолошки вишок, ќе го остави без работа, а надоместокот е приближно колку толку колку што ја има платата во текстилната фабрика. Кој е тој граѓанин кој нема да ги прифати тие услови.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот потпретседател Бедредин Ибраими за учеството во расправата.

Ги молам сите пратеници кои што се надвор да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и молам пратениците што поскоро да влезат внатре во салата.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Ве молам да гласаме.

60 пратеници гласаа за, 2 се воздржани и 15 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

57 пратеници гласаа за, воздржани

нема и 17 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по предлогот на текстот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 3 член 6 став 1, член 7 член 9 став 1 и 2 и за додавање нов став 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен делна текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Благоја Стојковски, Мирко Иванов и Ристо Тодоров поднесоа амандмани за менување на член 6 и член 10, за менување став 1, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман за додавање нов член 11-а, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Борислав Трповски и Илија Георѓиевски поднесоа амандман за додавање на член 11-а, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски, Мирко Иванов и Благоја Стојковски поднесоа амандмани за бришење на член 6 и на член 10, за бришење на став 1, по кој Владата не се произнела.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратениците Благој Стојковски, Мирко Иванов и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Го повлекувам амандманот, бидејќи на еден начин и добив одговор за она што ме интересираше од министерот, оние луѓе кои ќе наполнат 30 години стаж, старост 49, 50, каде потоа, достекнување на старосна граница од 55 години. Министерот даде одговор на пратеникот Илија Илоски, дека ќе станат социјални случаи и тоа ми е доволно, го повлекувам амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали се согласуваат со тоа и другите пратеници? (Се согласуваат).

Отворам претрес по амандманот на член 10, за менување на став 1, поднесен од пратениците Благој Стојковски, Мирко Иванов и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 11-а, поднесен од пратениците Борислав Трповски и Илија Илов.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Овој амандман е ист, како амандманот даден од матичната комисија.

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Мирко Ивановски и Благој Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор. го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Мирко Иванов и Благој Стојковски.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за бришење на став 1, поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Мирко Иванов и Благој Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

18 пратеници гласаа за, 8 се воздржани и 45 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за бришење на став 1, поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Мирко Иванов и Благој Стојковски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

57 пратеници гласаа за, 1 воздржан и 16 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Преминуваме на 10 точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Прво, на самиот почеток сакам да укажам, дека законот за банките е еден од основните закони, по кои работат банките и штедилниците во Република Македонија.

Во Република Македонија постои Здружение на банки и би било добро, Министерството за финансии, во фазата на изработка на вакви закони, да го консултира тоа Здружение. Од тоа мислам дека нема да се има штета, може само да се има корист.

Ние ако се сеќавате, пред два месеца беше симнат овој закон од дневниот ред, на една од седниците на Собранието, прво беше по забелешките кои беа ставени на Комисијата за кредитно - монетарна политика и банкарство, особено, со воведувањето на некоја нова врста на банка, штедна банка. Веројатно, тоа беше предложено од стариот министер, а кога замина стариот министер, Владата изврши корекција и ги прифати забелешките на Комисијата за кредитно - монетарна политика и банкарство.

Значи, такви проблеми не би имало доколку биде консултиран и еснафот.

Наши основни забелешки по овој Предлог на закон, се во врска со давањето на ингеренции на Фондот за обезбедуваше на штедните влогови за ликвидација на банките. Штедните влогови во пасивата банките се некаде околу 3 до 5% и тој фонд, да речеме со еден таков капитал треба да се грижи за 100% од ликвидационата маса на банката.

Мислиме дека таа процедура треба да се одвива во надлежните судови и доколку за тоа треба да се направат измени во некои други закони, тоа Владата би требало да го предложи.

Второ, особено членот 4 не е доволно јасен, може да предизвика проблеми во примената, а тоа значи дека и за купувањето на акции под 3%, треба да се бара согласност од Народна банка, тоа особено за малите акционери ја усложнува процедурата за купување акции кај банките и тоа никаде нема да се сретне, освен, би рекол, кај нас. Тој процент од 3%, дури треба да се зголеми и таков амандман имаме предложено.

Предложени се и други амандмани кои значат појаснување во текстот на постојниот закон и подобрување во одредени делови. Се надевам дека заменик министерот, односно Владата ќе прифати дел од нив.

Сакам да кажам дека парламентарната група на СДСМ ќе гласа за донесување на законот, доколку бидат прифатени амандманите на Комисијата за кредитно - монетарен систем и банки. Во спротивно ќе гласаме против овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Илија Филиповски за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, јас очекував од известителот на Комисијата за кредитно - монетарна политика, или од претседателот на Комисијата за кредитно -монетарна политика, да го извести Собранието за заклучокот на Комисијата за кредитно - монетарна политика, во однос на лимитот на банките и да го задолжи Министерството за финансии

да изготви закон, кој ќе ги намали лимитите кај банките.

Ова од причини што Комисијата констатира дека тоа се најголеми лимити, тука кои владеат на Балканот и пошироко дека на Македонската држава и се потребни помали банки, затоа што политиката за развојот, особено, индустрискиот развој и останатиот економски развој, детерминира развој на мали средни претпријатија. Малите претпријатија тешко ќе можат да се сервисираат од големите банки, всушност, во Македонија сега имаме една голема банка и втора банка која треба со купувањето на акциите од страна на Националната банка на Грција, да биде Стопанска банка.

Според тоа, малите и средните претпријатија, тешко ќе доаѓаат до тие банки, посебно малите претпријатија и затоа за нивното сервисирање потребни се помали банки, како што е и во светот, меѓутоа банките се среќаваат со големи проблеми на исполнувањето на цензусите, кои се исклучително високи во Република Македонија и од непознати причини, воопшто и за членовите на Комисијата за кредитно - монетарна политика беше поставено, тие цензуси значајно да се намалат, за да се овозможи на банките да ги сервисираат малите претпријатија.

Јас би молел, во таа насока, Собранието да заклучи, да му предложи на Министерството за финансии, а имајќи предвид дека, сега се спрема Закон за банки, во оваа насока да изготви еден Предлог на закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго за учество во расправата.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банки и штедилници.

Ве молам да гласаме.

56 пратеници гласаа за, 8 се воздржани и 2 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Немаме доволен број на пратеници за да гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, инаку ќе ја прекинам седницата.

Јас не можам да ја сфатам оваа не сериозност во работењето.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

По претпоставка дека некоја пратеничка група нема да гласа, а има мнозинство во Собранието. Ќе претпоставуваме дека нема мнозинство и понатаму? Може некоја пратеничка група да не гласа, бидејќи се крева тензијата и може некој за инат да не гласа, за да покаже дека нема мнозинство, а има мнозинство, Ние постојано се соочуваме со тој проблем, дека привидно нема мнозинство, а имаме мнозинство во салата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме мнозинство, но за жал, ние треба од позицијата да го образуваме мнозинството.

Од опозицијата не го очекувајте мнозинството.

Ние треба да бидеме тука.

Тоа е проблемот и јас тука ја упатувам критиката.

Според тоа, дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници гласаа за, 4 воздржани и 3 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот, на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Ве молам кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, јас барав деловнички, меѓутоа вие тоа не ми го дадовте и на тоа остана.

Сакам да укажам дека вие сте не одговорен, согласно Деловникот, вие да воспоставите и кворум и метод и начин на

работа во овој Парламент, за да има потребно мнозинство, да се одлучува.

Морам јас да реагирам, бидејќи од 120 пратеници ме најдовте мене да ме прозивате.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не зборувам за вас, јас не ве спомнав посебно вас, туку ја упатувам критиката на позицијата, а не ка опозицијата.

За збор се јави господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Јас сакам да се разбереме за една работа, која вие ја потегнавте.

Во парламентарната демократија, постои правото на опструкција. И немојте да очекувате, опозицијата да не го користи тоа право. Ако не може со аргументи да се избори за своите ставови, како што беше проблемот со стажот на работниците, тогаш имаме право, преку опструкција, да го спречиме донесувањето на законот. Тоа го има во сите парламентарни демократии.

Затоа, позицијата нека си обезбеди мнозинство, ако сака наша поддршка, за мериторна расправа, по определени закони. Мене не може една страна да ме бојкотира, за предлози кои се аргументирани. Тука не се работи дали некој ќе остане на улица, дали од ВМРО или од некоја друга партија, туку се работи за сите граѓани на Република Македонија, а од друга страна, од нас да бара да го правиме кворумот, со кој таа ќе донесува закони, по нејзино наоѓање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас се согласувам.

Точно е тоа дека навистина, опозицијата може да ги користи сите права.

И опструкцијата е едно од правата. Се користела и ќе се користи.

Меѓутоа, јас овде упатувам критика на ноншалантниот однос, на преголемото шетање, три минути не можат да седат во клупи, иако се многу удобни, пратениците од позицијата.

Навистина, ако вака продолжиме да работиме, немојте да очекувате да имаме поддршка на нашата Влада, од страна на опозицијата.

Тоа не е начин, да се разбереме.

За тоа, да не дискутираме сега.

Можеме да го отвориме прашањето, Деловнички и т.н.

Јас отворив расправа во врска со општиот претрес по Предлогот на законот.

Да не одиме во други води, да одиме по тоа.

За збор се јави господинот пратеник Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Јас Деловнички господине претседателе сепак ќе интервенирам, како што опозицијата има право да ги користи сите Деловнички права, истото тоа право го имаме и ние. Деловникот не не издвојува. Никој ни помалку важен, ни помалку третиран во тој Деловник.

Според тоа, бидејќи се бројат присутни луѓе на седницата, влезени во салата, е едно, а луѓето кои гласале, или не гласале е друго. Меѓутоа, друго е опструкција. Опструкција е кога тие ќе излезат надвор. Ќе ја напуштат салата. Тие се присутни во салата и тие можат да не гласаат, меѓутоа, се присутни.

Според тоа, законот дали е донесен, или не, ако има повеќе од 40 гласа, јасно ни е на сите дека има присутни, но не притискаат на копчето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Но проблемот е во нешто друго.

Проблемот е во тоа што овие се закони на наша Влада.

Ние треба да притискаме, а не други.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Таа Влада не е само наша, таа е македонска Влада. Таа е Влада на сите. Многу пати тие се повикуваат на тоа дека Владата е на сите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, критиката е упатена до нас.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Законите важат за сите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, да не отвораме расправа за тоа.

И не сме во право.

Јас ги гледам пратениците од позицијата, тие ни три минути не седат на едно место.

Не седат, не учествуваат и се надвор и шетаат.

Навистина така не се работи.

Затоа, ве молам да се вратиме назад и да не отвораме непотребни странични расправи.

Господинот Љубисав Иванов - Ѕинго

се јавува за збор.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Бидејќи овој проблем, некои влегуваат, некои излегуваат, должни сте да бидете, може ли во Деловникот да ставиме, кога ќе заврши расправата, да определиме ден кога ќе се гласа за законите. Тогаш да бидат сите присутни.

Инаку, кога се расправа за законот, кој сака да присуствува ќе присуствува. Кој не сака, не сака. Така е и во светот.

Ако ни фали таа работа во Деловникот, да го дополниме Деловникот, да ја завршиме расправата и да закажеме ден кога ќе гласаме за законот. Инаку вака излегува како да сме ученици, или студенти, па тој што не е тука е неоправдано, ако во ресторанот, со трчање дојди и така едно трчање и брзање и секогаш има расправа.

Ако може тој проблем, на тој начин да го надминеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вашата сугестија е упатена до Комисијата за деловнички прашања, нека го разгледа тоа прашање.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство поднесе амандмани за бришење на член 4, за бришење на член 6 и 9, ставот 3, на член 10 и членовите 11, 12 и 13 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Филиповски поднесе амандмани на член 4 став 1, член 6, за додавање нов член 6-а, за додавање нов член 6-б, за додавање нов член 6-в, за додавање нов член 6-г и за бришење на член 14, по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандмани на член 4 став 1, член 6 и за менување на член 15, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Радомир Карангелески и Чедомир Краљевски поднесоа амандман на член 3 за менување на став 2 и истиот го повлекоа.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член *4,* поднесен од Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Заменикот министер Јордан Марковски. Повелете.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

16 пратеници гласаа за, 52 пратеници гласаа против и 2 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 4, поднесен од Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Тој мислам дека беше прифатен од ЗПК, ако не се лажам.

Да, член 4 став 1, со кој се согласил претставникот на Владата. Тоа е член 4 став 1.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе ако е различен текстот. Можеби е во прашање е различен текст.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Морам да напоменам дека добар дел од поднесените амандмани од господинот Филиповски се инкорпорирани во амандманската расправа во Комисијата, мислам ЗПК. Така што, добар дел од поднесените амандмани, меѓу кои еве и комплетниот амандман, не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, не се прифаќа амандманот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

18 пратеници гласа за, 52 пратеници гласаа против и 7 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Отворам претрес по амандманот за

бришење на член 6, поднесен од Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Не се прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не се прифаќа овој амандман.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

18 пратеници гласаа за, 47 пратеници гласаа против и 7 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 6, поднесен од Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство.

Отворам претрес по амандманот на член 6, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

16 пратеници гласаа за, 47 пратеници гласаа против и 9 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-а, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Бидејќи, се работи за една специфична материја, а сите не сме експерти, ни стручњаци за таа работа, би замолил барем претседателот на Комисијата или кој е претставник да ги образложи амандманите на Комисијата, за да знаеме малку поточно за што се работи.

Останува правото, сигурно на претставникот на Владата да ги прифати амандманите или да не ги прифати. Тоа е мое барање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега сме веќе кај амандманите на поединечните, па после ако оцени и ако дојде претседателот на Комисијата или претставникот на Комисијата да го образложи, нека го образложи. Јас тоа не можам однапред да го барам.

Отворам расправа по амандманот поднесен од пратеникот Илија Филиповски за додавање нов член 6-а.

Дали некој бара збор? (Никој).

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

17 пратеници гласаа за, 51 пратеници гласаа против и 7 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 6-а, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-б, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

18 пратеници гласаа за, 50 пратеници гласаа против и 7 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 6-б, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-в, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

И овој амандман не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи и овој амандман не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, дозволете да изразам едно чудење од начинот на кој се одвива расправата по амандманите, поднесени од пратеник на СДСМ на ова Собрание.

Имено, господинот Илија Филиповски има поднесено и тој соопшти во расправата дека тој ги има поднесено, меѓутоа тоа е и ставот на пратеничката група на СДСМ, тоа се 8 амандмани.

Еве, конкретно, амандманот број 5, кој сега беше на гласање, ние дури и кондиционално кажавме дека за некои од нив сме заинтересирани до нивото дека од нив ќе зависи и нашето изјаснување по законот. Во овој амандман се предлага зборот "капитал" да се замени со зборот "оснивачки капитал", заради тоа што пишува во образложението дека под терминот "капитал" се подразбира во Законот за банките, малку поинакво значење од она што се предлага со амандманот 5 за додавање нов член 6-в.

Како и за претходните амандмани, соочени сме навистина со еден чуден однос од Владата, за кои јас знам дека има деловничко и законско право да соопшти дека прифаќа или не прифаќа и тука да заврши расправата.

Меѓутоа, дозволете дека е невозможно да се учествува во ваква методологија на работа во Собранието, ниту од пратеници на власта, а особено од пратеници на опозицијата, ако една целокупна процедура која поминува во матичните тела, во овој случај Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство, усвоила неколку клучни амандмани кои овде се одбиваат само со кажување на зборот "Не". Сега, овде е понуден од г. Филиповски еден прилично логичен амандман.

Со самиот факт дека не се дава за ништо никакви образложенија, со самиот факт дека со еден збор не се користи уставното право, не доведувате и нас во позиција ние да почнеме или да не учествуваме во расправата, или да не даваме амандмани, или на крајот на краиштата и да размислиме што ние всушност бараме овде во ова Собрание.

Затоа, би замолил господинот заменик министер, ако ништо друго, кога ги одбива амандманите, барем да објасни зошто се одбиваат. Инаку, јас знам дека пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, како што и сега дофрлуваат, најсреќни би биле ние да не сме тука.

Се разбира, ние имаме легитимитет на 340 илјади гласачи од ноември, наспроти нивниот легитимитет од 220 илјади и затоа ќе присуствуваме овде упорно, за нивна жал. Меѓутоа, мислам дека е ред во методологијата на работа на ова Собрание да не се претвора еден огромен труд на група пратеници од сите страни и нивни пратеници, поднесуваме амандмани кои овде ги добиваме на 20-тина страници, чија процедура се завршува со "Не". Тогаш, и голем број на пратеници претпоставувам дека не ни размислуваат дали треба или не треба да гласаат.

Затоа, иако знам дека тоа право постои на Владата, кога се изјаснува за амандмани да биде прилично скромна во образложението со "Да" или со "Не". Меѓутоа исто така постои и право да може да објасни, а тоа право се правда или се однесува на методот на работење на Собранието. Инаку, ние можеме да продолжиме со "да"и со "не", меѓутоа не знам на кого тоа му користи. Можеби е логично да се одбие амандманот, меѓутоа да чуеме зошто. Можеби и ние ќе гласаме за амандманот против, ако видиме дека навистина и ние не сме зеле предвид. Ние сме пратеници кои работат секој сам за себе.

Владата на крајот на краиштата за секој од овие закони има ресор со по неколку стотина вработени стручни лица, кои ги гледаат тие закони на поинаков начин, со поголема стручност и со цели тимови на помошници и советници и т.н.

Меѓутоа, дозволете пак од друга страна ваквиот пристап да не се претвори во однесување кое дава за право арогантно да или не на амандманите, како што и претходните три закони господинот министер за труд и социјална политика ги бранеше.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако гледаме строго процедурално, забелешки во однос на водењето на расправата нема. Меѓутоа, јас се сложувам

едно со вас, прво, генерална оценка за Владата не можеме така да дадеме, бидејќи имавме сега ситуација каде што предлагачот, тоа беше заменик, односно потпретседателот на Владата учествуваше во расправата, објаснуваше, се расправаше и т.н. Значи, генерална оценка не можеме да дадеме.

Но, јас би прифатил нешто друго што Деловнички не е, а тоа е барем министерот да не удостои и да каже зошто не го прифаќа на матичната комисија амандманот.

А, тоа е веќе прашање на министерот и тоа е веќе прашање на оценката кога ќе дојде тој министер овде.

Јас се сложувам со вас дека само со "Да" и со "не" отфрлање на амандман на матична комисија, не е во ред.

А, тоа поединечно пратениците што поднесуваат тука веќе и би дозволил да кажат да или не.

Но, таму каде што се работи за матична комисија, каде што се расправа стручно да се отфрла само со да и со не, води кон една содржинска парламентарна расправа.

Формално правно е се во ред.

И, донесувањето на потписите се во ред.

За поединечните укажувања и амандмани, како што во конкретниот случај има поднесено, секој пратеник може и 100 амандмани да поднесе.

Ние имавме еден случај претходно, кога еден пратеник постојано амандмани поднесуваше.

И, сега не може постојано да му се образложува.

Мислам дека е потребно, корисно и за Владата, таму каде се матичните комисии да присуствуваат и да си го бранат ставот овде пред Парламентот.

Но, за тоа ќе видиме, веројатно, во понатамошната методологија на работењето.

Сега имаме конкретен случај и се враќаме на ова.

Господине Флоровски да не водиме сега, не сте баш многу стручен по ова прашање, па да можеме сега да го расчистиме.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

За стручноста, доколку ја имате, говорете вие, а јас процедурално барам збор.

Вие немате право да ме ограничувате и ве молам престанете лекции овде да ми држите. Мислам дека најмалку ви личиме на малолетни, а на малоумни не би сакал да коментирам. Сакам следното да го прашам, дали ваков коментар би дале, доколку би се работело за министер на ДА. Министерот за финансии е 24 часа на работно место и сметам дека претставникот, заменикот е присутен тука и тој е тој кој ќе даде валидни образложенија по одредени прашања.

Сакам да ви кажам дека во иднина малку по респектабилно треба да се однесувате кон министрите на ВМРО-ДПМНЕ, а и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, мислам дека не оди во полза воопшто една ваква расправа г. Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не се работи за полза, туку јас овде говорев за едно укажување, кое подолго време овде ескалира.

Говорам за вашиот однос кон нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека и вие би биле по задоволни, доколку Владата би ви ги објаснила на матичните комисии ставовите.

Но, како и да е, одиме понатаму.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во врска со расправата, да не застрануваме премногу, навистина не би требало г-дине Зибери, па не одиме во расправа.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете, објаснете ги работите.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Поднесените амандмани на г-динот Филиповски, односно овој амандман навистина го привлече нашето внимание.

Се работи за еден квалитетен амандман, но временскиот теснец, како и не до крај дефинираната категорија на основачки капитал во Законот за трговски друштва не натера и покрај нужното внимание што му го посветивме на овој амандман, да не го прифатиме во овој момент, но најсериозно ќе биде земен предвид при наредното донесување на законите од областа на банкарството.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали предлагачот е задоволен со ова објаснување?

Дали ќе го повлече или ќе гласаме по

амандманот?

Да се гласа.

Тогаш го ставам амандманот на гласање, ве молам да гласаме.

(По гласањето).

25 пратеници гласаа за амандманот, 6 пратеници се воздржани и 48 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 6-в, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-г, поднесен исто така од пратеникот Илија Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

15 пратеници гласаа за, 6 пратеници се воздржани и 46 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 6-г, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-д, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришеше на член 9, став 3 на член 10 и членовите 11, 12 и 13 , поднесен од Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 14, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

27 пратеници гласаа за, 8 пратеници се воздржани и 44 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 14, поднесен од пратеникот Илија Филиповски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме за законот во целина. (По гласањето).

62 пратеници гласаа за, 7 пратеници се воздржани и 15 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците.

Почитувани пратеници, 11-та точка од дневниот ред, Предлог за донесување на закон за изменување на Царинскиот закон, со Предлог на закон, предлагам да ја разгледаме малку подоцна, бидејќи ни се најавени нови амандмани.

Да поминеме на другите точки, па кога ќе ги добиеме амандманите, ќе расправаме и по овој закон.

Преминуваме на 12-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Протоколот, кој се однесува на измена и дополнување на Конвенцијата за меѓународното цивилно воздухопловство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

За збор се јави г-ѓата Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Процедурално, ве молам г-дине претседателе да утврдите за оваа точка на дневниот ред и двете последователни дали имаме претставници на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме претставник на Владата, тука е заменикот министер за сообраќај и врски. Можеме да работиме.

Јас обично гледам дали има претставник, ако нема ја симнувам од дневен ред.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Протоколот, кој се однесува на измена и дополнување на Конвенцијата за меѓународното цивилно воздухопловство.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

71 пратеник гласаше за, 3 пратеници се воздржани и против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме? (По гласањето).

69 пратеници гласаа за, 3 пратеници се воздржани и 3 пратеници се против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот ан закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

69 пратеници гласаа за, 3 пратеници се воздржани и 1 пратеник е против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот кој се однесува на измена и дополнување на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство.

Преминуваме на 13-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за изедначување на некои правила за меѓународниот превоз по воздушен пат, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за изедначување на некои правила на меѓународниот превоз по воздушен пат.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

72 пратеници гласаа за, 5 пратеници се воздржани и 1 пратеник е против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

72 пратеници гласаа за, 1 пратеник е воздржан и 1 пратеник е против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

68 пратеници гласаа за, четири пратеници се воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на конвенцијата за изедначување на некои

правила за меѓународниот превоз по воздушен пат.

За точката 14 од дневниот ред, дали имаме претставник на Владата?

Немаме претставник, точката е одлагаме кога ќе дојде претставник на Владата.

Точката 15 - Предлогот на Законот за здравствено осигурување уште е во усогласување и побараа да се разгледа на крајот на седницата.

Процедурално збор побара г-динот Никола Јованов, претседател на Комисијата.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Барам оваа точка да биде поместена, да не биде на дневен ред на денешната расправа, од проста причина што се уште не ја завршивме работата, се надеваме дека тоа утре ќе го сториме и заради техничкиот дел на работите сето она што Комисијата го предложи како амандмани да биде достапно до пратениците, за да можат сето тоа да го погледаат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека би требало да се прифати, при крај се со усогласувањето и на крајот на седницата да ја разгледаме и оваа точка.

Точката 16 е Предлог за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за социјално осигурување меѓу РМ и Швајцарската конфедерација, со Предлог на закон.

Тука беа претставници на Министерството за труд и социјална политика, но сега повторно немаме претставник. Навистина не знам дали го следат дневниот ред во Владата и оваа точка ќе мораме да ја одложиме на крај, па ќе видиме дали ќе има претставник.

**АБУДАЛИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ова е веќе сериозна забелешка. Јас мислам дека вие како претседател на ова Собрание, штом е точката на дневен ред, еднаш за секогаш треба да ги опаметиме министрите дека кога не се тука кога се расправа за точката на дневен ред, ние треба да ја прекинеме расправата. Треба да бидат тука присутни или пак да се симне од дневниот ред и да биде за идната седница, а не да биде на крајот на седницата, сега ние да ги чекаме министрите. Да има едно правило и тука треба да одлучиме за тоа, ако не е присутен претставникот на Владата, да остане тоа после шест месеци, да не дојде и на наредната седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тука имаме две можности, можеме да ја одложиме и можеме да ја симнеме од дневен ред.

Јас мислам, бидејќи се уште трае седницата, добро би било да ја одложиме, се работи за некои ратификации, не е работата да ја симнуваме па наредната седница ќе имаме како нова точка.

Г-динот Јордан Бошков побара збор процедурално.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас можам да го разберам колегата во таа насока, но би сакал во однос на точката 16 од дневниот ред да укажам дека тука станува збор за претстава со која ќе се стекнат нашите граѓани. Во случај да ја симнеме точката од дневен ред, едноставно ќе ги нарушиме нивните можности, иако на никаков начин не сакам да давам оправдување за отсус-тво на претставник на Владата. Од тука сметам дека е подобро оваа точка и натаму да остане на дневниот ред, дополнително да биде повикана.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да, ја одлагаме понатаму во текот на работењето на оваа седница.

Преминуваме на 17-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за договорната хипотека.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Бидејќи се работи за нов закон, јас мислам дека претставникот на Владата би требало да го образложи.

Тука е присутен новиот заменик министер на министерот за правда г-динот Зоран Стојанчиќ.

**ЗОРАН СТОЈАНЧИЌ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, дозволете ми да направам едно кратко објаснување во врска со Предлогот на законот за договорна хипотека.

Во врска со новиот закон би кажал неколку збора за причините поради кои се носи овој закон, основните начела, содржина и образложение.

Во врска со причините, новиот Закон за договорна хипотека ќе обезбеди правни рамки за поефикасна заштита на побарувањата на доверителите и ќе се

создаде сигурност кај потенцијалните инвеститори за инвестирање.

Досегашната регулатива покажа спорост во регулирање на оваа материја и имаме одредена неможност хипотекарниот доверител, по истекот на рокот, за доброволно исполнување на примарните обврски да стане сопственик на заложената недвижност.

Во врска со начелата, законот се базира на три начела, и тоа: законитоста, ефикасноста и економичноста.

Во однос на содржината, би кажал дека законот е составен од пет глави. Во првата глава се регулираат општите одредби, во втората глава правата и обврските на договорните страни, третата глава се однесува за престанок на хипотека, четвртата глава ја регулира реализација на хипотеката и во петтата глава се дадени преодните и завршните одредби.

Уставен основ за донесување на законот е член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на РМ.

Во самиот закон има повеќе новини, но тука би ја истакнал можноста договорната хипотека да добие својство на извршна исправа, која има функција за забрзување за реализација на самата хипотека.

Целта за донесување на законот е поголема сигурност на доверителите преку зголемување на ефикасноста при реализација на хипотеката.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги слушнавме воведните напомени на заменикот министер за правда, г-динот Зоран Стојанчиќ.

Се работи за закон кој се донесува во две фази.

Овде имаме само Предлог за донесување на Закон за договорна хипотека.

Дали некој друг бара збор во врска со овој закон?

Г-динот Илија Филиповски побара збор.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, Предлог законот на прв поглед дава впечаток дека обезбедува една ефикасна наплата, меѓутоа, кога ќе се анализира подетално ќе се констатира дека содржи одредби кои не кореспондираат со други законски прописи, не се доволно јасни, или се одвишни, па дури ја оневозможуваат продажбата на заложната недвижност, како што е случајот со членот 45 каде е предвидено должникот да ја определи најниската цена по која заложната недвижност може да се продаде, како и дека е согласен со износот добиен од продажбата, претходно да се намири побарувањето на хипотекарниот доверител со каматите и трошоците.

Сметаме дека насловот на Законот за договор на хипотека не кореспондира со усталената законска терминологија за засновање на заложно право, пример Законот за залог на недвижни предмети и права, поради што предлагаме насловот на Законот да гласи: Закон за залог врз недвижност врз основа на договор".

Второ, поаѓајќи од тоа дека хипотеката е стварно право врз туѓа ствар како и сопственоста, за чие стекнување договорите се заверуваат кај нотар, а заради сигурност во правниот промет сметаме дека договорот за хипотека за да произведува правно дејство треба да биде заверен кај нотар.

Заради тоа предлагам соодветна пре формулација на член 6, во смисла што на постојната формулација ќе се додаде текстот: “и се заверува кај нотар".

Трето, во контекст на претходната забелешка, во интерес на брзината и економичноста на постапката, а посебно за уписот во јавните книги, како и за овој закон да кореспондира со Законот за премер и катастар, Службен весник на РМ 27/86 и 17/91 предлагам членот 7 да се преформулира и да гласи: “хипотекарниот доверител и хипотекарниот должник можат на договорот за хипотека да му дадат својство на извршна исправа со давање на нивна изјава пред нотар за неговата извршност". По склучувањето на договорот пред нотар се врши запишување на хипотеката во јавните книги, на начин и под услови пропишани со закон.

Четврто, во член 29 заради појаснување на формулацијата на крајот на вториот став да се избрише точката и да се додадат зборовите: "врз правата на хипотекарниот доверител од заснованата хипотека".

Петто, членот 39 е нејасен и истиот треба или да се дообјасни или да се избрише.

Шесто, со оглед на суштината на хипотеката е намирување на побарувањето на доверителот од продажба на заложната недвижност, непотребна е согласноста на должникот за намирување на побарувањето на доверителот, поради што предлагаме во ставот 2 од членот 45 да се избришат последните три реда со што ставот 2 ќе

заврши со зборот: "продажбата", по која се става точка.

Во истиот член по ставот 3 се додава став 4 кој треба да гласи: "доколку хипотекарниот доверител не се согласи со определената најниска цена од страна на хипотекарниот должник, хипотекарниот доверител има право да бара определување на почетната цена на заложената недвижност да ја утврди овластено лице, стручно лице, за процена или установа".

Ставовите 4, 5 и 6 од истиот член ќе бидат ставови 5, 6 и 7.

Седмо, во членот 52 не е наведен и Законот за вршење на нотарските работи, врз основа на кој исто така се засновани хипотеки, поради што предлагаме во членот 52, во третиот ред на крајот да се избрише буквата "и" и да се стави запирка, а на крајот од четвртиот ред да се додадат зборовите: "и Законот за вршење на нотарски работи Службен весник 59/96 и 25/98".

Претседателе мене ми е јасно дека ова е првата фаза, меѓутоа со ова сакам да придонесам предлагачот да ги има навреме во предвид овие забелешки, за да може соодветно и да даде одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Илија Филиповски за учество во расправата и за корисните сугестии.

Сакам да Ви напоменам дека очекувам Собранието кога ќе го понуди Законот за усвојување да ги понуди истовремено во втората фаза и измените и дополнувањата на Законот за извршната постапка.

Во тој случај многу од овие одредби ќе бидат комплементарни и ќе добиеме една целина.

Но, првата фаза на Законот за извршна постапка ја поминавме, сега треба да одиме на втората фаза и заедно со Законот за договорна хипотека би требало да ги добиеме.

Молам дали некој друг бара збор. (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за договорна хипотека.

Второ, Владата на Република Македонија ќе ги изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и министерството за правда.

Молам, да гласаме по предложениот заклучок.

71 пратеник гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 18 точка - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Предлогот на одлуката поднесена од пратениците Чедо Петров, Борче Сибиновски, Александар Флоровски, Горан Невеновски, Слободан Даневски, Мевљан Таири и Фадил Бајрами Ви е доставен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

56 пратеници гласаа за, 6 воздржани и 12 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Минуваме на точка 19 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Оваа точка е поврзана со точката 18 - Предлогот на одлуката поднесен од пратениците: Саво Климовски, Радомир Карангелески, Стојан Попов, Илија Прангоски, Никола Јованов, Томислав Петровски, Павле Тодоров, Трајко Гешоски, Ристо Спанаков, Чедо Петров, Љупчо Анушев, Алија Шахиќ и Амди Бајрам Ви е поделен.

Отварам општ претрес. Молам, кој бара збор.

За збор се јави г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, за да не влеземе во погрешна расправа, дали Одлуката за Анкетна комисија од 14 предложени пратеници?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ова е Предлог за менување на Одлуката, за нивно дополнување, а тоа значи дека ние предлагаме работата да се инспекторира, да се анализира и на актуелната власт, односно до крајот на 1999 година.

Во првиот случај рековме да го продолжиме мандатот на Анкетната комисија, а во овој случај ја менуваме содржината на дејноста на Анкетната комисија со тоа што бараме да се инспекторира и актуелната власт.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ја имам одлуката, па бидејќи се две исти малку ми беше нејасно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Иста одлука е, мислам иста Анкетна комисија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Би сакал да го изнесам ставот на пратеничката група на СДСМ, по однос на одлуката предложена од 14 пратеници чија суштина е оваа што вие ја кажавте дека постојната Анкетна комисија, да ги прошири своите надлежности и од 1 декември 1998 до 31 декември 1999 година врши и испитување на јавните набавки на тековната Влада.

Ние сме против оваа одлука и мислам дека ако ми е дозволено да кажам и ако не ми се земе за зло тоа што ќе го кажам дека, прилично цинично делува оваа одлука што е предложена во Парламентот и која претендира постојната коалиција ја раководи Анкетната комисија, која ќе ги испитува јавните набавки во коалиционата Влада. И, поинаку кажано слично на филозофијата кадија те тужи, кадија те суди.

Исто така, мислам дека апсолутно е не соодветен пристапот кој оваа комисија го изгради во досегашната нејзина работа. Сега ќе ги занемарам оние проблеми со кои она беше на политички начин оптоварена, а кој ми даваат за право да мислам дека и во понатамошниот тек на работа со вакви овластувања ќе биде исто така политички оптоварена Анкетна комисија. Меѓутоа, она што е побитно е методологијата на нејзината работа.

Имено, оваа комисија во досегашната работа се потпре на методологијата со која писмено бараше од надлежните институции кои се предмет на интерес на оваа Анкетна комисија, да достават свои извештаи за работењето и врз основа на тоа она да носи заклучоци. Можам да замислам и затоа реков, ако цинично звучи овој предлог, самиот метод на работа сега би подразбирал дека, на пример г. Чедо Петров како претседател на комисија, ќе се обрати до г. Александар Димитров и до госпоѓата Доста Димова и ќе им побара извештај за тоа како они самите ги вршеле јавните набавки. Они ќе достават извештај, во кој веројатно ќе биде се во најдобар ред и тоа ќе биде основа за работа на Анкетната комисија.

Имено, Анкетна комисија која не извршува анкета самостојно, туку се потпира на извештаи од оние кои во овој случај ќе бидат засегнати, самите министерства, мислам дека е предлог кој служи за покритие дека нешто се контролира и дека всушност било каква контрола на овие јавни набавки, ќе мора да се спроведе од некаква друга комисија во некои други времиња, веројатно за да може објективно да ја спроведува.

Затоа ние ќе гласаме против оваа одлука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Никола Поповски за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, дами и господа, не сакам да се повторувам со претходниот дискутант, но сакам да го изнесам нашето мислење.

Сметам дека не е опортуно работата на сегашните носители на јавни функции да биде инспекторирана од истиот состав на досегашната Анкетна комисија.

Доколку овој состав, во кој овие партии имаат мнозинство во Комисијата и Комисијата беше раководена од член на мнозинството во Парламентот, би било опортуно заради објективноста и за да се симнат евентуални дилеми во прилог на ова што го изнесе Никола Поповски, да се формира друга комисија чиј состав ќе биде различен, во кој опозицијата ќе има мнозинство и ќе биде раководена од страна пратеник на опозицијата, за да може да се симнат сите овие дилеми и да се понуди извештај во кој ќе бидат инкорпорирани видувањата на тие пратеници, а крајниот збор сепак ќе го има Собранието, па нека се демантираат или потврдуваат наодите од таа комисија.

Во спротивно ова ќе биде само една фарса во која ние навистина не би сакале да учествуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Насер Зибери за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Бидејќи бев прозван, а со оглед дека ја водев Комисијата во претходниот период и анализата што беше направена за јавните набавки, сакам да кажам дека методологијата за приодот за анкетирање на јавните претпријатија и министерствата, како и Собранието на Република Македонија, со оглед дека се анкетираше претходен период најнормално можевме да сметаме дека ќе добиеме објективни податоци од соодветните министерства, јавните претпријатија и Собранието на Република Македонија.

Мислам дека, ваква Анкетна комисија беше формирана и во периодот кога мнозинството беше од СДСМ заедно со ПДП. Таа комисија не си ја заврши работата и материјалите беа предадени од службите на Собранието до новата Анкетна комисија, со која што раководев јас. Имајќи ги во предвид и тие материјали, го дадовме на една од претходните седници и Извештајот на Анкетната комисија, од што можеше да се види како СДСМ и таа Влада работеле, односно ги вршеле јавните набавки во тој период.

Поединечно ако се прашувам, не е спорно дали ќе биде истата Анкетна комисија, или ќе се избира нова Анкетна комисија, но не знам зошто однапред сомненија дека, Анкетната комисија која што ќе биде формирана во Собранието нема да си ја заврши работата.

Јас како претседател на Анкетната комисија која го добив мандатот за уште 9 месеци, мислам дека солидно и совесно ќе ја завршиме работата, а тоа на кого ќе му се допадне не знам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Чедо Петров за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Во врска со точката на дневен ред, изненаден сум што од страна на опозицијата имаме ваков настан, затоа што мислам дека ако е цинично ова Собрание да формира Анкетна комисија, тогаш што не е цинично во смисла дека со овие расправи го доведуваме во прашање целиот систем на државата.

Се доведува во прашање Собранието и комисиите кои што ги формира ова Собрание, без разлика кои луѓе членуваат во Собранието колку и каков е соодносот на партиите што се застапени во Собранието. Мислам дека треба да бидеме малку по внимателни кога го доведуваме него во прашање, затоа што тој е орган на државата. Едноставно во таа комисија членуваат и пратеници кои што се во опозицијата, така што без разлика колкав е сомнежот, тие имаат право како членови на комисијата да се сомневаат во некои извештаи, ако наводно извршната власт ќе ги достави како фризирани, ако разбрав добро или не вистинити.

Од друга страна без разлика на целата поставеност на ситуацијата ништо не го ограничува и наредниот состав или некој потоа што ќе дојде повторно да формира комисија за испитување на јавните набавки, која што ќе го провери уште еднаш овој период. Барем јас така ги разбирам работите.

Сметам дека во овој момент ние имаме прекрасна можност да ги провериме наодите како Собрание, односно Комисијата, да достави до нас извештаи, потпирајќи се токму на она што некои пратеници од опозицијата изнесуваа јавно на собраниската говорница дека, оваа Влада е 6 пати по корумпирана од минатата и дека не знам што се случува, се прават разни работи кои што не кореспондираат со законот.

Така што, мислам дека сега веќе опозицијата, бидејќи опозицијата главно го негира донесувањето, односно не го поддржува продолжувањето на рокот за испитување на јавни набавки, мислам дека на овој начин опозицијата сама на себе си скока во стомакот, бидејќи многу проста е работата. Имаме луѓе кои што тврдат дека некој во оваа Влада е корумпиран.

Јас како пратеник без разлика на која партија припаѓам, сакам да бидам кој од таа Влада е корумпиран. Собранието како државен орган сака да формира Анкетна комисија, која што ќе ги испита тие работи. Едноставно тоа е начинот на кој што функционира една држава. Јас не знам како може на друг начин да функционира една држава. А, сега ние сите институции на системот ги доведуваме во прашање и се сведува на гол партиски маркетинг, затоа што оној што тврдеше дека една Влада е 6 пати по корумпирана од претходна Влада, не се однесува на име и презиме на пратеник, туку на исказ има начин со ова да го провери

тоа. Ова е прекрасна можност да се провери дали е точно нешто или не. Ако е точно, да ги повикаме на одговорност тие што ја злоупотребиле извршната власт, ако не да го симнеме сомнежот од извршната власт, меѓутоа што е по битно за држава Македонија, ако се симне сомнежот кој што според мене на некој начин во одредени ситуации и вештачки се создава, ќе се симне сомнежот и од институциите на системот, односно од државата дека постои и дека може да функционира.

Мислам дека апсолутно опозицијата во овој случај не врши добар маркетинг и мислам дека треба да соберат сила да ја поддржат оваа Анкетна комисија, а ние ќе расправаме дали ќе добива таа Анкетна комисија валидни извештаи. После сите извештаи ние како Парламент имаме право да ги побараме и надвор од таа комисија и тука да ги добиеме, па ќе расправаме на широко и на долго за тоа, како што милуваат да расправаат за претходната комисија, како што беше условно, за нивната Влада.

Така да мислам дека треба да го поддржат предлогот, а јас ќе го поддржам со сигурност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Филип Петровски за учество во расправата.

Господа пратеници јас би сакал само да ве потсетам, бидејќи сум еден од потписниците на ова барање на образложението. Се работи за следното.

Во образложението кое што го имате добиено, и кое што мислам дека е мошне опширно и издржано. Ние се повикуваме на два мошне значајни документи.

Прво, ова е преодно решение до донесувањето на антикорупцискиот закон, каде што работите ќе се средат со закон и каде што навистина не ќе има потреба од формирање на вакви комисии, туку ќе се функционираат другите институции на системот.

Вториот момент кој што е посебно нагласен во образложението, тоа се секако укажувањата од меѓународната заедница, дека ние треба да вршиме постојана контрола и на сопствената Влада. Ова е практично контрола врз сопствената Влада. Ова покажува еден доблест, една храброст и барање на правата вистина. Криминалот си е криминал, без разлика кој го има направено тој криминал. И ние, како пратеници сега ја прошируваме надлежноста на Анкетната комисија на барање да се евентуално, дали и оваа Влада, нашата Влада, Владата на колиционите партнери, има направено во некои свои сегменти пречекорување на законските овластувања, односно има направено криминал. Тоа е вториот елемент со кој што ние се вклопуваме со Конвенцијата на ЕУ за борба против криминалот. Јас не гледам зошто сега треба да се сомневаме во сето тоа, тоа е значи вториот елемент што мислам дека е потребно да го поддржиме сите пратеници и да не се сомневаме во себе.

Третиот елемент говори за транспарентноста. Таа Комисија, може да не биде г-динот Чедо Петров претседател. Јас, лично би сакал во тој дел што се инспекторира, од 18 ноември 1998 година па до 31 декември 1999 година, нека биде претседател некој од членовите на опозицијата. Не е тоа воопшто битно. Битно е дека, ако се утврди, не е битно кој е претседател, битно е ако се утврди криминал и битно е да се дадеа јавност на тоа, затоа што кој и да било претседател на таа Комисија, ќе ги бара истите податоци, од исти институции. Било од државниот ревизор, било од друг надлежен орган. Ќе ве молам, јас не гледам дека било кој од пратениците овде би застанал зад некакви криминални дејствија на било кој орган во оваа држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Продолжение)

Затоа, однапред да се сомневаме дека се прикрива криминалот, заради тоа што во овој момент претседател на Комисијата е г-динот Чедо Петров, а не би се прикривал, односно би се открил криминалот ако е некој од опозицијата, е навистина јалово и фрла сомнеж меѓу нашите пратеници, на основната цел што е програмска определба на секоја политичка партија. Ниту една партија во програмите нема а да не се бори против организираниот криминал, против криминалот, дрогата, шверцот и т.н. Затоа, ова е за прв пат барање, не е ова хипокризија, не е цинизам, не е ова празна реторика. Ова е навистина суштинско барање да се симне хипотеката и од оваа Влада или да се казни оваа Влада. А, јас, во една изјава кажувам дека ние како Собрание ќе треба да имаме доблест, по завршувањето на целокупната постапка против личностите што ги спомнуваме или ќе ги спомeнеме во овие извештаи или ќе изразиме сомнеж во извештаите што ги усвојуваме, ако нема дело, тогаш ќе мора јавно да се извиниме. Тогаш ќе имаме храброст, јас ќе барам овде со свој заклучок јавно да им се извиниме, бидејќи сме направиле грешка, но затоа ќе ги повикаме тие кои нам ни дале погрешни информации на одговорност.

Тука е таа спрега во која со јас не гледам дека некој некого ќе прикрива, затоа што претседател на Комисијата е г-дин Чедо Петров, или било кој друг член на Комисија може да биде, мене тоа сосема не ми е битно. Да утврдиме по една методологија, што овде ја усвоивме, таа Комисија, дали постојат грешки или криминални дејствија во однос на јавните набавки, во однос на корупцијата, во однос на дрогата и т.н. и од страна на оваа Влада.

Токму заради тоа, мислам дека Собранието треба да покаже максимално единство, да не се сомневаме овде еден на друг и да причекаме да бидиме, по иста методологија што ќе утврди оваа Комисија, до крајот на нејзиниот мандат. Верувајте ми дека само на тој начин можеме да покажеме цврстина и единство како Парламент, а не сомневање едни во други, дека однапред нема да ја изврши спрема оваа Влада, на соодветен начин работата оваа Комисија.

Оттаму, јас го потпишав тоа барање да се прошири надлежноста на Анкетната комисија во смисла на тоа, едноставно да излеземе заеднички во борбата против криминалот. Знаете дека дојдоа и претставници од надвор, од ЕУ и т.н. и укажуваа дека е потребно надлежните органи, а ние сепак сме орган кој врши контрола над сите други органи, активно да земат учество во борбата против организираниот криминал, против дрогата, против шверцот, против организираниот криминал и т.н. Тоа беше смислата на барањето, тоа беше нашето усогласување со меѓународните акти, кога побаравме да се прошири надлежноста на оваа Комисија и за активностите на Владата до билансите што ни ги поднесоа, заклучно со 1999 година. Благодарам.

Очигледно многумина инспирирав за расправа.

За збор се јави г-динот пратеник Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, воглавно тоа што сакав да кажам веќе го изложивте и вие во претходниот говор и другите колеги пратеници.

Но, сепак, како еден од потписниците на барањето за продолжување на мандатот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки, сакам да кажам неколку работи.

Лично сум непријатно изненаден од ставот на СДСМ, а исто така и од ставот на ПДП за не поддржувањето на ова барање, поради тоа што дискусиите што се водеа од оваа говорница пред многу кратко време во врска со Извештајот на Комисијата за испитување на јавните набавки, цело време беа во контекст и во континуитет на замена на тезите и префрлање на одговорноста. Сега, одеднаш слушаме една квалификација, однапред декларирана и кфалифицирање на една иницијатива, дека се граничи со цинизам, односно дека се граничи со фарса.

Пратеничката група на ДА која ја покрена оваа иницијатива и лично имам големо задоволство да изразам од поддршката што овде ја слушнав од ВМРО-ДПМНЕ. Затоа што, за мене е уште поголем цинизам и уште поголема фарса. Доколку претседател на таа идна комисија биде од опозицијата, а извештаите од јавните набавки ќе ги бараме од сегашните надлежни институции и установи што се, секако под раководство на коалицијата. Мислам дека е тоа цинизам.

Не се работи за тоа. Се работи за она што говоревме и минатиот пат од оваа говорница, еднаш во Македонија да се пробие свеста, не само овде, меѓу нас пратениците и носителите на јавни функции, туку и до граѓаните на Македонија дека не е возможно и не ќе биде можно понатаму се да се прави и никој да не сноси никаква одговорност.

Од тој аспект, навистина со непријатно изненадување сакам да кажам дека не очекував ваква реакција и од едната и од другата пратеничка група, но тоа е нивна работа. Мислам дека, пред се, се работи за еден политички маркетинг, односно преку оваа говорница, многу вешто, на "јавноста" и се пушта теза дека овие ќе продаваат демагогија, односно ќе направат некаква фарсична нова комисија, за да ги замачкаат очите на јавноста. Мислам дека тука има не фер и не коректен однос, бидејќи она за што се залагавме сите пред две-три недели од оваа говорница и пратениците од СДСМ и ПДП за истото се залагаа, сега на некој начин се побива.

Од друга страна, мора и сега уште еднаш да кажам, како е возможно. Оваа собраниска комисија да биде манипулирана и да нема прави извештаи, доколку не биде претседател на Комисијата или не се состави нова Комисија во која ќе бидат членови на опозицијата. И сега, во сегашната комисија има членови на опозицијата. Но, вие кажавте, а и јас се приклучувам на тој предлог, нека биде претседател на Комисијата од СДСМ, ако тоа нешто посебно

значи.

Мислам дека воопшто не е во тоа проблемот. Ме чуди тој остар и крут однос и став. Целта е јасна. Целта е, она што пред малку го кажав, на тој начин ние не ги замачкуваме очите на јавноста, туку вие господа пратеници од опозицијата. Една иницијатива, извонредно чесна и коректна сакате да ја преврттите во доза на цинизам и доза на фарса, што воопшто не е во ред. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Илија Пранговски за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, се јавив за збор со оглед дека учествував во двете комисии и таа претходната што беше водена и формирана по иницијатива на тогашната опозиција, Либералната партија, а и во сегашната што беше формирана по иницијатива од позиционите партии.

Ќе морам да ви кажам, во принцип тоа секогаш го истакнувам, дека сум за демократска контрола над извршната власт, сум за тоа Парламентот да ги добие своите ингеренции, односно ги стави во функција сите тие права што му ги доделува и уставот, а меѓу таквите права и формирање на Анкетни комисии за ад хок ситуации кога се јавуваат или кога ќе оцени, во случајов повеќе треба да биде во функција на контрола на извршната власт од страна на опозицијата.

Во моментов се соочувам со еден нов момент кога позиционите партии сакат да го контролираат, односно да ја контролираат извршната власт преку Анкетна комисија. Меѓутоа, мислам дека тие, таа контрола над извршната власт, како партии го правеа и досега и тоа дава за право и ние, како опозициони партии да мислиме што всушност не се сложува. Ние, за неполна една ипол година, имавме неколку реконструкции, дури и нова Влада, за која никогаш не добивме образложение зошто се заменети тие министри, освен не стручното и што не ги дадоа очекуваните резултати. Сигурно имаше доволно елементи да се сомнева и во други работи. Но, денеска, да се наметнува, односно да се иницира едно такво барање, за мене е апсолутно контра продуктивно.

Контра продуктивно е од една друга гледна точка, го имам предвид искуството како функционираше претходната Анкетна комисија и сегашната. Претходната Анкетна комисија беше формирана за точно одредени појави во Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство. Работеше на точно определени, лоцирани проблеми. И, само со тие наведени проблеми ние се занимававме, ги испитувавме и не успеавме до крај да ги испитаме. Но, сегашната Анкетна комисија нема точно дефинирано што бара. Таа треба да испитува јавни набавки за 4 години или колку години и во тој куп на хартии, ние често и не знаевме што правиме.

Во секој случај, мислам дека е беспредметно денеска, по иницијатива да се води и раководи една Анкетна комисија за испитување на јавни набавки и тоа со јавно прикажување на резултати на својата сопствена Влада. Најмалку што може да се направи е тоа да биде по иницијатива на опозицијата, да биде раководена од опозицијата, да бидат лоцирани и точно проблемите што се сака да се испитаат во моментот од опозицијата, ако сакаме да бидеме ефикасни и да дадеме одредени резултати.

Во спротивно, мислам дека при донесувањето на Деловникот, веројатно ќе има иницијативи за формирање постојани Анкетни комисии, што постојано тоа што го бараше претседателот, ќе ја испитуваат работата на извршната власт, а тука ќе се договориме кој ќе ја раководи, како ќе работи, како ќе поднесува извештај и сето тоа, ќе биде предмет на расправа во некоја нова ситуација.

Но, денеска да се наметнува, мислам дека апсолутно не е добро. Инаку, во принцип, уште еднаш ќе докажам, сум бил, сум и ќе бидам за контрола над извршната власт и тоа треба да функционира во овој Парламент. Но не вака и на ваков начин.

Мислам дека опозицијата има доволно знаење, има доволно искуство и има доволно храброст да покренува, кога ќе оцени дека тоа треба да го направи, да формира Анкетна комисија и да ја раководи таа комисија. Тогаш ќе ја поддржам. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Ризван Сулејмани за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Јас веќе ризикувам да се повторам во многу работи, меѓутоа навистина сум вчудоневиден и изненаден од одлуката на

СДСМ и на ПДП, да не поддржат една ваква иницијатива, еден ваков предлог.

Јас навистина не можам да ги разберам нивните априори сомневање, скепси дека една работа на ваква комисија однапред се цени дека ќе вроди со не резултат, затоа што се поставува и обратно прашање. Минатиот мандат ако тие оценуваат дека ваквата постапка е крајно цинична, тогаш дали во минатиот мандат кога прифатија формирање на Анкетна комисија без оглед што сега предлогот, јас сега слушнав, јас тоа не го знаев, не можам да ја памтам севкупната работа на минатиот состав на Собранието, без оглед што потекнало од ЛДП, меѓутоа со прифаќање на Одлуката за формирање на Анкетна комисија дали и тогаш, во тој мандат исто било од нивна страна оценето дека, се работи за своевиден цинизам и за една цинична иницијатива, предлог и т.н.

Навистина е не сфатливо однапред повторно априори се сомнева во се. Значи ако тргнеме од тие принципи на однапред сомневање, доведуваме во прашање апсолутно се во оваа држава, почнувајќи од самите нас овде што седиме во Парламентот. Значи 120 луѓе однапред се сомневаме дека не постојат никакви ниту морални, ниту етнички принципи, вредности и т.н., кога однапред сакаме да отфрлиме една навистина добра и по мене чесна намера.

Морам да констатирам едно мое видување дека, мене ми звучи по цинично кога од нив доаѓа еден ваков предлог, однапред да го отфрла прифаќањето на ваквиот предлог, затоа што мене тоа сега ми личи обратно дека, претходната власт со отфрлање на ваква можност на испитување и контрола на извршната власт, на некој начин како да сака да наметне еден принцип на меѓусебно амнестирање на партиите, кои што се секогаш на власт.

Значи, ако тие го одбиваат ова, значи очигледно сакаат да кажат, по мене би можело така да се толкува, еве да одиме на еден меѓусебен договор на амнестирање од било какви одговорности во работата на извршната власт. Тие ќе бидат апсолутно рамноправни членови на Комисијата и нема ништо спорно. Јас на пример, со наклоност гледам на предлогот да прифатиме и претседател на Анкетната комисија да биде член на опозицијата. Тука нема ништо спорно.

Освен тоа, сигурно во работата на Анкетната комисија тие ќе имаат можност да ги покажат своите видувања на нештата, ќе имаат рамноправна можност да излезат со свои ставови и иницијативи, барања и т.н. И навистина ме чуди однапред подготвеноста да не се прифаќа една ваква иницијатива, која што не само што е сугерирана и од европските институции. Неодамна го слушнавме и говорот на господинот Патен, кој што директно се повика и даде приоритет и како една од најголемите важности, точно за земјите кои што се наоѓаат во период на транзиција, расчистување и справување со криминалот и корупцијата, што го опфаќа и како еден од најзначајните сегменти злоупотребата практично на власта и надминувањето на овластувањата.

Така што јас би сакал едноставно да апелирам до опозицијата, да го поддржи овој предлог и навистина не гледам ништо лошо. Ако се покаже во работата, во текот на работата дека тие имаат сомневања во нерегуларноста, во необјективноста и т.н., па ќе имаат можност тоа да го кажат на оваа говорница, како што и господинот Филип Петровски истакна, ако и понатаму останат со такви убедувања, дека навистина нечесно се работело во Комисијата и дека работата била по нивно сфаќање сегашно, претпоставуваат дека ќе биде фарса. На крајот на краиштата имаат право и на преиспитувања на работата на самата Анкетна комисија. Па во некое идно време кога ќе бидат на власт можат повторно да покренат преиспитување на работата на оваа Анкетна комисија.

Меѓутоа, навистина овде се работи за една чесна намера и мислам дека би било добро и би било во ред да ја прифатат оваа иницијатива.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас нема да одолговлечам со мојата дискусија, бидејќи ќе се повторам со одредени колеги, меѓутоа бидејќи ми се даде збор, ќе се потрудам нешто да допринесам во врска со оваа Анкетна комисија.

Прво, не е спорно што позицијата предлага Анкетна комисија, меѓутоа мислам дека тоа е чисто од маркетиншки аспект гледано, се гледа дека се сака да се постигне маркетиншка цел, бидејќи еве и претходната Анкетна комисија мислам дека се претвори да не речам како истражен орган, бидејќи органите на правосудство своето мислење ќе го дадат за сите оние луѓе, односно личности кои беа спомнати и во нашите дискусии.

Меѓутоа, јас би се осврнал на ова

прашање, на поинаков начин, мислам дека и од страна на предлагачите без разлика што верувам дека е чисто нивна добра намера. Меѓутоа, мојата цел е однапред позицијата се става во истражен судија, би рекол за својата Влада, а тоа народот би го рекол народски онака: знаеме да крадеме, меѓутоа не знаеме да скриеме. Што значи да се направи една експертска комисија, која на многу професионален начин би можела да ги скрие траговите на корупцијата на својата Влада.

Јас лично, а сигурно и моите колеги од ПДП не се против ваква комисија, меѓутоа, бидејќи од опозицијата бројот на пратениците е помал од позицијата, јас имам конкретен предлог оваа комисија ако се оформи да работи со консензус. Фактички еден член од опозицијата ако не се согласува да има право на вето, тогаш оваа комисија би била и транспарентна и многу успешна во својата работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Оломан Сулејмани за учество во расправата и за конкретниот предлог.

Има збор господинот пратеник Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас морам да признам јас со чудење го слушнав негодувањето од страна на СДСМ за одбивање на оваа понуда за формирање на Анкетна комисија, нормално и ПДП го одбија тоа. На сето тоа беше додадено дека сето ова е со доза на цинизам направено, крајната цел била маркетиншка пропаганда, или не знам што. Јас не знам од чија страна е овој цинизам. Имено, една добра идеја за формирање на Анкетна комисија за самоконтрола, контрола на она што го работи актуелната власт, да биде така отфрлено, никако не можам да го прифатам дека од наша страна, од страна на позицијата е цинизам.

Втора работа, која што исто така не можам да ја сфатам, истата таа пратеничка група на СДСМ беше голем противник, односно поборник кога веќе се формира Анкетна комисија, таа Анкетна комисија да има право на испитување на јавните набавки уште од 1990 година. Сега им се дава право да имаат јавен увид и во 1999 година, тие сето тоа го отфрлаат, не го прифаќаат како такво.

Трета работа која што исто така паѓа во очи, со самото тоа оваа добра намера на позицијата за самоконтрола, тие ја отфрлаат велејќи дека сето тоа би било повторно лажирано, а да не заборавиме дека во таа Анкетна комисија членуваат пратеници на овој состав од Парламентот. Дали со самото тоа, тие не го делегитимираат овој Парламент и директно нас не ни велат дека ние сме луѓе кои што се служиме со невистини, кои што во случај кога би имало криминални дејанија или криминал во тие јавни набавки, дека ние би биле директни соучесници со самото тоа што би го прикривале. Таа етикета мислам дека ниту нивниот координатор, ниту било кој пратеник од опозицијата нема право да ја става на нас како пратеници од позицијата. Со самото тоа, не ми е ни чудно кога во дневниот печат пред неколку дена гледам дека, од јавните институции токму Парламентот е оној на кој што народот на Република Македонија најмалку му верува. Мислам дека само 20% од испитаниците кои што му веруваат на овој Парламент. Сега гледам дека опозицијата здраво се бори за да ја поткрепи таа теза, дека само 20% веруваат и треба да веруваат само толку.

И конечно ќе им дадам еден добар предлог, би сакал да ме послуша господинот Поповски. Мислам дека ова Собрание го има тоа право за формирање на Анкетни комисии. Преку тие Анкетни комисии, тие имаат можност да докажат се она што го тврдат, дека оваа власт е корумпирана, дека оваа власт неколку пати е по корумпирана од онаа претходната, или пак наместо пратенички прашања зошто не постават барање за формирање на Анкетна комисија. Еве ќе им дадам конкретен предлог. До пред десетина дена, се валкаше името на мојата партија ВМРО-ДПМНЕ, дека е поврзана со некои си пари кои што се пристигнати од Грција како донирање на ВМРО-ДПМНЕ.

Јас ги уверувам дека сигурно ќе го поддржам нивниот предлог за формирање на Анкетна комисија, која што ќе го испита тој случај, дали навистина ВМРО има добиено пари од страна на некоја фирма во Грција, за наводни пари кои што ги добила мојата партија за време на кампањата, или за било кој настан, или како пратеничко прашање што го исфрлаат во Парламентот, нека повелат, нека понудат формирање на некоја Анкетна комисија, на која претседателот ќе биде од страна на СДСМ, туку и составот процентуално ќе биде со нивна поголема бројност, за да имаат верност после тоа да не можат да ги оспоруваат резултатите и заклучоците кои што ќе ги донесува таа Анкетна комисија.

Значи ја поддржувам оваа Анкетна комисија и повторно им давам предлог за

формирање и на други Анкетни комисии, околу нивните наводни сознанија за шесте зони, за не знам какви зони, еве за некакви пари од Грција, за било што, нека повелат, јас ќе бидам тој кој што сигурно ќе ги поддржи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе почитувани колеги, морам да кажам дека понекогаш сме мајстори за да ги извртуваме тезите, односно работите, и кога не е потребно.

Мислам дека сето тоа придонесе, затоа што и колегата Никола Поповски не беше дециден до крај, односно не успеа да го образложи ставот, зошто беше против. Ние прво тука не ги испитуваме сега нашите морални вредности помеѓу нас пратениците, односно нашата етика, туку тоа што ни се дава за право да се формира комисија која е комисија на Парламентот, односно на Собранието, да се формира како таква и да биде по ефикасна.

Прво, никој не рече дека не поддржуваме иницијатива за формирање на Комисија за јавни набавки. Мислам што се однесува до ПДП, а не верувам дека и од другите пратенички групи, затоа што мислам дека добра е идејата и предлогот што доаѓа од пратеничка група 14 пратеници од Демократска алтернатива. Иницијативата е добра и мислам дека тука немаме ништо против. Ние можеме и да Ви докажеме до крај дека секогаш сме биле за формирање на вакви комисии. Кога не 6и биле како пратеничка група, ние не би гласале за формирање на Комисија за испитување на јавните набавки кои се однесуваат од 1992 до 1998 година, затоа што и тогаш знаевме дека ќе бидат засегнати тие министри, односно владини функционери и нашиот дел од таа коалиција.

Меѓутоа, ние сакаме до крај да бидеме искрени и чесни, како успеваат овие комисии да бидат ефикасни и добри и како не успеваат. Само да Ви кажам, во овој случај морам да образложам некои работи, односно да ги објаснам. Кога водев јас комисија од позиција да речеме за настаните на Бит Пазар, тогаш јас бев претседател на комисија, меѓутоа делбата, односно групирањето во таа комисија беше по етнички основ и не успеав дури и да ги соберам пратениците. Осум седници со уредни покани кај пратениците мои колеги и никогаш не успеав, односно само два пати успеав да ја соберам таа комисија, дури и со интервенција на тогашниот претседател на Собранието господинот Андов. Исто така Комисијата за гостиварските настани беше водена од позиција, односно претседател Биљали. Исто така неговите ставови, односно ставовите на пратениците од ПДП не можеа да поминат во таа комисија, затоа што делбата, т.е. групирањето беше по етнички основ. Имаше случај комисија водена за испитување на јавните набавки од претседател на Комисија господинот Слободан Најдовски, претседател на Комисијата на тогашната Либерална партија од опозицијата, меѓутоа мнозинството на пратениците во таа Комисија беа од позицијата. И мнозинството од позицијата, претседателот од опозицијата мислам дека пред малку не потсети господинот Чедо, дека таа комисија не успеала, а ние ги земавме тие материјали до каде тие стигнале. Значи, не ја завршиле работата.

Сега сме во една ситуација, кога една комисија заврши со еден период на испитувања за јавните набавки, а ние расправавме за тој извештај поднесен тука и дојдовме до една ситуација дека, како што сепак расправаше Парламентот и тоа доста добро, конструктивно и со денови. Меѓутоа, ние мораме да кажеме дека оваа не може да биде па и постојана комисија, затоа што овој Парламент ги има и своите постојани комисии. Ние ако продолжиме вака, значи да им го продолжиме мандатот, тогаш веќе треба да се регистрираат како постојана комисија во Собранието и да се бави од секогаш и за секогаш за една ваква проблематика.

Сега сме во една ситуација кога треба да се формира комисија, а сите велиме дека треба таа комисија да биде ефикасна. Мислам барем и од опозицијата и од позицијата тоа го кажуваме и се работи што е исто така за поздравување за актуелната власт, верувам дека работите ќе одат така добро и ефикасно што и дигнитетот на самиот Парламент преку таа комисија ќе биде на едно ниво за што јас постојано и упорно се ангажирам. И затоа, уште еднаш, значи дообјаснувам дека Пратеничката група, односно пратениците од ПДП се за ваква Комисија, меѓутоа оваа Комисија во нејзиниот состав треба да има мнозинство на опозиција, а претседател дури може да биде и од позиција со фактот дека полесно можеби ќе воспостави комуникација со надлежните органи, или со владини органи и т.н. Дури не знам ако не пречи

Деловникот, јас уште сега би кажал може да биде претседателот на Собранието, затоа што во исто време е и предлагач на една ваква иницијатива, за да биде навистина таа комисија, комисија за која секогаш може да се рече дека ја обавува работата конструктивно и како што треба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Исмет Рамадани.

Имаме прекрасни предлози, практично ние и многу не се разликуваме во пристапот.

Единствено бараме начини само да се подобри ефикасноста и работењето на сегашнава комисија и можеби околу тие предлози навистина сериозно треба да размислиме.

Не за ова дали, претседателот на Собранието да биде, но има она другото.

Опозицијата да биде повеќе застапена или таа да претседава со Комисијата и т.н.

Тоа веќе се сериозни предлози, околу кои навистина треба да се размисли и сигурно дека ќе дојдеме до соодветно решение.

Но, да продолжиме со расправата.

Имаме уште неколку дискутанти.

Има збор пратеникот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе дами и господа пратеници, не сум инспириран од вас г. претседателе со дискусија, но не сум ни изненаден од г. Поповски за тоа дека не треба да се поддржи овој предлог.

Идејата на г. Поповски на СДСМ беше да се девалвира работата на комисијата, ова да испадне малку не сериозна работа и така да се сфати во јавноста.

Она што на последната седница при еден период на работењето на Анкетната комисија, донесовме со консензус и го прифативме. Тоа беше дека сите пратенички групи, сите пратеници во Парламентот, дека нема право да амнестира никого кој направил нешто и ја злоупотребил власта.

Втората работа, која идеја беше од СДСМ, да се анкетира актуелната власт. Тоа беа двете работи за кои се согласивме сите пратеници во пратеничкиот Парламент.

Она што го спомна меѓу редови г. претседател на Собранието, дека ќе се носи антикорупциски закон и нема потреба од Анкетни комисии, не држи оваа констатација. Анкетните комисии можеме да ги формираме за било кои потреби и било кои случаеви. Ова е Анкетна комисија за јавните набавки. Не значи дека Парламентот не може да формира Анкетни комисии за било кои случаи.

Она што провејуваше низ дискусиите беше дека, работата на комисијата треба да биде транспарентна. Ние се договоривме и секогаш бевме отворени пред јавноста. Мене ми е жал и би барал г. Поповски да биде и претседател на Анкетната комисија во овој случај и да не ги повлекува претставниците од СДСМ што се од Анкетната комисија, туку да учествуваат активно и да кажат што имаат.

Имам уште еден предлог, имено СДСМ да определи група од 5 или 6 пратеници активно да учествуваат во работата на Анкетната комисија. Ние никогаш не рековме какви ќе бидат методите, каква ќе биде методологијата. Уште при формирањето на Анкетната комисија, моја заложба беше дека Анкетната комисија треба да бара политичка одговорност, а сум против, преку она што Собранието ги доставува заклучоците од извршеното анкетирање и заклучок на Собранието да се доставува до судските органи, затоа што ние како Собрание ги прејудицираме работите и наметнуваме една не природна работа врз судството.

Не може Законодавниот дом како највисок дом кој ги бира судиите, ни еден судија во оваа држава, нема срце да одбие ако Законодавниот дом му наметне констатација или заклучок. Но, транспарентноста и утврдувањето на политичката одговорност ќе биде овде. Ако пратеничката група брани министер од своите редови, тогаш одговорноста ја носи политичката партија, без оглед дали е на власт или опозиција.

Мислам дека тие работи ги расчистивме и би било добро, да не зборува г. Ризван Сулејмани, кој учествуваше активно во Комисијата, нека каже која е забелешката, што работеше Анкетната комисија не природно. Ние од самиот почеток изгубивме доста време да ја утврдиме методологијата на работа. Ние ги испочитувавме сите забелешки и барања на претставниците од СДСМ и ги вградивме. И тогаш се договоривме, ќе донесеме заклучок со кој ќе ја утврдуваме само политичката одговорност. Мислам дека

тоа е битната работа и битен момент затоа што ова, дали ќе влегуваме, дали ќе биде соодносот 3:2 или 5:4, еве ја говорницата и ние сме тие што треба да ги убедиме гласачите. Ние тука меѓусебе добро се познаваме и никој никого не може да убеди. Ние сите добро се познаваме. Ние ова го зборуваме за граѓаните. Граѓаните треба да ја знаат вистината.

Ја поддржувам оваа иницијатива и мој предлог е претседател на Анкетната комисија да биде од опозицијата, г. Никола Поповски. Не смета тоа ништо и не значи дека ние нема да работиме правилно и г. Поповски ќе ни наметне како ние да работиме. Тоа ни случајно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Слободан Даневски за учество во расправата.

За збор се јави пратеникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, мислам дека е парадоксално и жалосно што мора со политички односно партиски багаж да се утврдува една вистина или невистина.

Со партиско гласање, барем поаѓајќи од нашата свест и совест, мислам дека не е можно да се утврдува една вистина или невистина, конкретно дали има корупција во сегашната структура или нема. Значи според моето убедување пристапот ни е погрешен. Значи треба ние, наместо врз основа на факти да пристапуваме кон тоа што е предмет, ние постапуваме или се однесуваме или гласаме врз основа на нашето партиско убедување или партиски налог. Значи од моментот кога за едно прашање ќе се пристапува партиски или политички, мислам дека тоа е спротивно на целта. Нема шанси да се постигне реалната цел.

Јас сум за тоа не само да се прошири надлежноста на комисијата, што ќе ги опфати прашањата на сегашните јавни набавки, туку и да се измени структурата односно составот на Анкетната комисија, затоа што сосема е реално дека нашиот квантум на свест и совест тешко дека можеме да се ослободиме од партиските директиви.

Ако парламентарното мнозинство е искрено и сака, навистина од работата на таа комисија да произлегува вистина или реалност, или ако не се посомнева воопшто во тоа што би требало да се открива, јас мислам дека воопшто не е проблематично тоа кој ќе биде претседател или зошто опозицијата да биде во мнозинство. На пример, дури е и многу по фер, ако сакаме до крај да бидеме одговорни, нека биде комплетно од опозицијата таа структура, бидејќи сепак тие луѓе пред ова Собрание треба да одат со факти и докази.

Значи прашањето е принципиелно, дали ќе се докаже и крајно е време да се докаже дали овој дом е на ниво, затоа што е уставна положба на Собранието на Република Македонија и тоа што е задача на ова Собрание. Мислам дека е крајно време да профункционира, мислам на контролата на ова Собрание над извршната власт, па ефективно да профункционираат, а не формално како досега. Ова Собрание е сервис на извршната власт. Ние мораме да признаеме пред јавноста дека извршната власт се збогатува, а ова Собрание и сите ние пратениците си сносиме одговорност.

Значи се прашувам, до кога ние како пратеници ќе допуштаме да бидеме сервилни во однос на министрите, односно Собранието во однос на извршната власт. Пратеникот си има легитимитет, а министрите, односно Владата легитимитетот го црпи од ова Собрание. Не е во ред сега тие што легитимитетот го црпат во ова Собрание да ги прогласиме за газди, а пратеникот односно Собранието да има улога на слуги. Тоа е многу парадоксално. Напротив би требало да биде обратно.

Затоа е момент да докажеме дека ние како Собрание и како пратеници, сме тие кои би требало да бидеме. Јас се мислам дека прашањето треба да се постави тука, во соодност, релација или корелација, позиција или опозиција. На пример многу е важно тука да се поставува прашањето на релација Собрание -Влада и точка.

Едно е сигурно, а тоа е дека надворешните квалификации во однос на состојбите кај нас и за сегментот на корупцијата се многу неповолни за нас, да не кажам многу лоши. Тоа ние ќе го платиме и го плаќаме сите било како поддршка од меѓународната заедница или политичка поддршка или економска поддршка, сеедно. Антикорупцискиот закон кој на голема врата беше ветен пред изборите и ден денес не може да се најде пред ова Собрание и мислам дека, барем во голема мера ќе ги стеснеше каналите за корупција. Фер е на ова Собрание барем на опозицијата да и овозможи да ја води оваа Комисија и да биде во мнозинство, наравно дека ние ќе бараме конкретни докази и тогаш јас сум спремен да го поддржам предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Биљали за учество во расправата.

Има збор г. Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, нема да должам многу меѓутоа сакам да дадам и јас некои мои видувања околу оваа иницијатива покрената од страна на ДА.

Уште од почеток би рекол дека ние како пратеничка група ќе ја поддржиме оваа иницијатива и ќе гласаме за неа. Би сакал да додадам и тоа, точно дека ова е доблест, ние од парламентарното мнозинство предлагаме ние самите да вршиме една контрола на сопствената Влада, што во минатите периоди тоа не било практика.

Меѓутоа, колку што од претходните дискутанти, особено од колегите од опозицијата, проблемот е во тоа што во структурата која би ја сочинувала оваа комисија; дали тука би било една пропорција, бројот да биде повеќе од опозицијата и обратно, за мене тоа не е толку важно, затоа што не треба да постои такво сомнеж меѓу нас како пратеници, од една проста причина што во минатиот период во двете минати Влади, се разбира секогаш се работело за корупција на извршната власт на јавните претпријатија, кои беа во можност да се корумпираат; а не гледам никаква причина еве ние овде што сме како пратеници, таков случај на злоупотреба на таа функција не се покажала барем до сега.

Во таа смисла не е толку проблематичен составот на таа комисија, туку целта на таа комисија, а целта се знае што ние како парламентарно мнозинство сме толку заинтересирани барем на нашата сопствена Влада да вршиме една контрола, затоа што тоа прво би било од интерес за сите граѓани на целото општество, но пред се, се разбира тоа е во интерес на нашите партии. Затоа сакаме да работиме чесно, а господата да не се плашат од она што до вчера направиле, можеби од тој комплекс и патат, што го нарече г. Поповски кадија те тужи, кадија те суди.

И уште нешто. Ако се оди по таа логика дека секогаш опозицијата треба да врши контрола, ако се оди по таа логика досегашната Анкетна комисија водеше анкета од 1992 до 1998 година. Сега за актуелната Влада би требало да ја води опозицијата, која што е од 1998 година па наваму. По таа логика треба да се формираат две паралелни комисии. Едната да ја води сегашната власт за поранешните Влади, а сегашната опозиција да води анкета за сегашната Влада.

Намерата на сите пратеници, без оглед дали досегашната Анкетната комисија во пропорција е 6:5, немам против нека биде тука претседател и од опозицијата. Но, целта е тоа ние да водиме контрола на таа извршна власт, на јавните претпријатија, во интерес за самото општество.

На крајот да завршам со тоа да кажам дека, ние како пратеничка група оваа иницијатива ќе ја поддржиме и ќе ја гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Алириза Лога за учество во расправата.

Има збор г. Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, најнапред сакам да кажам дека ја поздравувам идејата токму од еден дел од парламентарното мнозинство, да потекне идеја за анкетирање на набавките на актуелната власт и тоа е добро и до тука оваа идеја ја поддржувам.

Ако сакате оваа добра идеја да ја изведеме до крај, јас предлагам на предлагачите да ја повлечат Предлог - одлуката од оваа седница, да седнеме како пратенички групи да се договориме околу составот и околу мандатот на Анкетната комисија. Само да го потврдам ова свое мислење со претходната точка.

Ние претходно усвоивме Предлог на одлука за продолжувањето на мандатот на постојната Анкетна комисија до крајот на годината. Според тоа оваа Анкетна комисија има премногу работа. Мислам дека е трет пат продолжување на мандатот. Си имаа дадено задача за одреден период, видоа дека не можат да завршат работата за одреден период, сами побараа да се продолжи мандатот па уште еднаш, па уште еднаш, па по трети пат и сега бараме до крајот на годината оваа Анкетна комисија да си ја заврши работата, за она за што беше формирана да ги испита набавките на претходната власт.

Ако навистина има добри намери, чесни намери, јас предлагам да се симне од денешната седница, да седнеме да се договориме, но во оваа смисла, да ги дадеме своите предлози.

Сметам дека полека, врз основа на дискусијата се профилира една идеја малку поинаква од првичниот предлог на

комисијата. Пак ќе повторам, благородна е идејата и ако сакаме да ја валоризираме, да не ја девалвираме, ајде да ја изведеме работата до крај.

Прво, заради тоа што постојната Анкетна комисија има многу работа. И второ, мислам дека е беспредметно да се даде задача на Анкетната комисија да ги испитува набавките на актуелната власт во сите сфери, кај сите корисници на буџетот. Мислам дека тоа не е рационално, тоа не е целисходно, тоа не е оправдано, тоа не е потребно, затоа што очигледно, барем ако го проследиме она што јавноста пошироко се информира, имаме потреба кај неколку корисници во буџетот да вршиме контрола, односно да се анкетира начинот на кој се вршени јавните набавки. Нема потреба, како што стои во задачата на постојната комисија да се анкетираат набавките во Собранието.

Сметам дека нема потреба да се прави тоа. Нема потреба во Академијата. Нема потреба во други национални институции да се врши анкетирање. Значи сега имаме потреба само кај неколку министерства, јавни претпријатија корисници на буџети да се анкетира, дали сите набавки се во согласност со законот.

Трета работа. Видовте пред малку пратеничката група на СДСМ воопшто не реагираше, ниту некој зема збор за одлуката, со која се продолжи мандатот на Комисијата до крајот на годината, затоа што сметаме дека тоа е беспредметно. Ве уверувам, бидејќи имав можност и компаративното право да го погледнам, еве и вие сите видете во земјите со долгогодишна парламентарна традиција, земји што имаат 100-200 години парламентарна демократија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Дали некаде е формирана Анкетна комисија, да се испитува политичката одговорност на власта, која што ја изгубила власта на демократски избори, како што тоа се случи 1998 година. Нема никаде. Ве уверувам, нема никаде. Може има во Папуана, Нова Гвинеја и т.н.

Во европските земји и во земјите со поголема традиција, таква работа нема. Тоа е апсурд. Како што исто така не можете да најдете во правната литература дека се прави Анкетна комисија, односно се формира, составена од парламентарното мнозинство, да ги испита набавките на актуелната власт. Навистина ви велам тоа е раритет. Ако некаде сретнете, би сакал јавно да ме демантирате. Таква работа не постои, а зошто не постои.

Заради тоа што, Анкетните комисии, покрај пратеничките прашања, покрај интерпелацијата и гласањето за доверба на Владата, се најмоќното средство во раце на нас пратениците. Тоа се инструменти за политичка контрола од Собранието, врз работата на Владата. Ние тоа треба да го користиме. Меѓутоа, за жал, досега само на една седница имавме пратенички прашања, еве сега претседателот ни најави за 4 или за 5 април. За две години од функционирањето на оваа власт, ние ќе имаме само два пати како пратеници да се соочиме со овие проблеми, а во статутот пишува дека на секоја седница пратениците можат да поставуваат пратенички прашања и да се соочат со она што го работат министрите. Тоа е шанса, министрите да си покажат, колку знаат, колку вредат, колку владеат со состојбите во својата област, меѓутоа и наша шанса е да им кажеме, колку не знаат. Пратениците не ги двојам по пратенички групи. Зошто? Ајде да бидеме искрени и отворени.

Сите луѓе кој што нешто одлучуваат во политичките партии, сега во актуелната власт, а не беше поинаку, да бидам до крај искрен, односно не беше различно и во минатата власт. Апсолутно не беше различно. Сите најмоќни личности се етаблирани во Владата. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ е претседател на Владата. Потпретседателите на Владата, се претседателот на Демократската алтернатива и секретарот на ПДПА. И што мислите вие дека имате политичка моќ, тие луѓе да ги ставете на јавен тапет, заради тоа што имале набавки, не соодветни со законот. Тоа е мислена именка. Да повторам, тоа не е специфика само на овој Парламент. Тоа беше и во претходната власт. За тоа треба да поминат многу години. Парламентарната демократија да ни биде својствена да сфатиме колкава моќ имаме. Меѓутоа, сега, тоа е сосема извесно. Ако, да речеме, вие покренете иницијатива, еве да го земам за пример министерот за сообраќај. Министерот за сообраќај, туку што стана министер кажа дека во неговата сфера имало криминал. Страшен криминал. Ги посочи, претходниот министер, директор на Поштата и многу други луѓе. Што испадна од тоа? Ништо.

Кога се состави Анкетната комисија, на првата, или на втората седница, ги посочија луѓето по име и презиме, како министри кој имаат девијантни состојби. Ние денеска, како Собрание, тоа не можеме да го

утврдиме, бидејќи не сме надлежни. За тоа се надлежни судските органи. Тие по Уставот нека си ја вршат работата.

Јас би сакал, овие работи да ги поделиме. Она што објективно можеме да го направиме, тоа да го направиме. А објективно можеме да го направиме, да ги откриеме, да ги анкетираме, јавните набавки кај сите корисници на буџетот, само доколку има критична маса. Критична маса ќе се обезбеди, како што тука господинот Исмет Рамадани и Насер Зибери и некој други говореа и нашиот шеф на пратеничката група Никола Поповски, доколку навистина, таму има мнозинство во комисијата од опозицијата.

Англискиот Парламент е со најголема традиција, имаше министри, кои што паѓаа за афери и скандали. Секогаш шефот на Анкетната комисија беше од опозицијата, никогаш од власта. Мнозинството во Анкетните комисии, секогаш се од страна на опозицијата, затоа што навистина тогаш има критична маса и може да се види какви се јавните набавки во Министерството за одбрана. Можеби има и совест, уверен сум дека тоа е доминантно кај пратениците.

Меѓутоа, политичкиот интерес и партискиот бич кој што владее во политичките партии, не дозволува пратениците од парламентарното мнозинство да ги компромитираат нивните министри, бидејќи утре нема да биде пратеник. Не сакам да спомнам каква определена хајка се прави против определен пратеник, затоа што го искажа своето мислење, од парламентарното мнозинство. Неговите партиски другари. Тој утре нема шанса да биде ниту во раководството на партијата, а недај боже да биде пратеник да биде предложен, бидејќи не си го слуша раководството кое што е етаблирано во Владата.

Според тоа, ако сакаме навистина, да го чуваме кредибилитетот на овој Парламент, како законодавен дом, кој што има моќна функција да врши политичка контрола над работата на Владата, над министрите, дајте да дадеме и таква формална работа. Такви ингеренции на комисијата, а потоа повторно Парламентот ќе одлучи. Извештаите на Анкетните комисии ги усвојува Парламентот. Тие стануваат обврска за некого откако парламентарното мнозинство ќе го усвои извештајот на Анкетната комисија, или нема да го усвои.

Слушнав многу добри зборови од предлагачите и од парламентарното мнозинство, дека намерите се многу чесни. Дајте тогаш, да ја изведиме работата до крај и чесно.

А тоа значи, предлагам, да се повлече денешната седница, да седнат координаторите на пратеничките групи, да предложат луѓе или тоа нека оди преку Комисијата за избор и именување, да предложат и претседател на Анкетната комисија, кој ќе ја води, меѓутоа со точно утврдена задача. Ова, да се продолжи само мандатот на Анкетната комисија, за актуелните набавки, значи дека ништо нема да се работи. Формирајте комисија, тоа е познато кај нашиот народ, ако не сакате ништо да се заврши, кој што нема конкретни задачи. Ние два пати ја проширувавме дејноста на Анкетната комисија ако се сеќавате.

Прво беше за министерствата, а после беше за јавни институции, јавни претпријатија, дури и Собрание и така натаму и дојдовме во ситуација да работи година ипол да работи, побара уште еден мандат. Јас сум сигурен дека оваа комисија ќе се занимава со претходната власт, уште до крајот на мандатот. А тоа е страшен преседан. Ниту една власт не е вечна. Вечна е само глупоста. Власта се менува.

Меѓутоа, ако останува државниот интерес доминантен, кај сите нас кој што сме народни избраници, бидете сигурни дека можат утре некој да дојдат и повторно да се занимаваат со она четири години, со она што го работевме ние сега. Или оваа власт и ние како пратеници. Затоа беше тогаш нашата заложба.

Ако ова Собрание по Уставот има позиција, има можност, да врши политичка контрола врз работата на Владата, да се задржиме на политичката одговорност. За кривичната одговорност., некој друг е виновен. Но, да не се навраќам таа расправа, ја апсолвиравме на една од претходните седници.

Ве молам, почитувани пратеници, предлагачи на оваа одлука, ако сакате да ја повлечете, бидејќи не сме во состојба да лицитираме кој ќе биде претседател. Овдека паднаа предлози да биде опозицијата, дури еден колега предложи име и презиме. Тоа да го спречиме, а намерите се добри. Навистина се добри. Ако сакате да го чуваме достоинството на овој Парламент, да се состанат координаторите, или ќе биде тоа во рамките на комисијата за избор и именување, нека се предложи Анкетната комисија и да се предложи прецизна задача за тие и тие јавни набавки, во тие и тие фирми, во тој и тој рок да се заврши задачата. Тогаш ќе бидеме и продуктивни, а тогаш верувајте, дека и оваа

ваша идеја, мислам на предлагачите ќе се сфати од пошироката јавност, како добронамерна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Тито Петковски за учеството во расправата.

За збор се јавува господинот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, просто не знам што да кажам, слушајќи ги овде господата од СДСМ, што всушност се бара. Настапуваат не усогласено двајцата дискутанти од СДСМ, односно господинот Никола Поповски и господинот Тито Петковски.

Додека господинот Никола Поповски јавно рече, дека ваква иницијатива за формирање на една комисија, која што сама ќе си ја контролира сопствената власт, нема потреба, затоа што тоа е: "кадија те тужи, кадија те суди". Сега веднаш излегува предлог од господинот Тито Петковски, кој што во принцип го поддржувам, ова е сериозно прашање и мислам дека тоа треба да се разгледа, да се формира една ваква Анкетна комисија, усогласена, претходно координаторите на пратеничките групи да седнат, да се разгледа и да се договори едно формирање на Анкетна комисија.

Јас како член на Демократската алтернатива, можам да кажам дека иницијативата од Демократската алтернатива е сосема чесна, со намера да не биде анкетиран само претходниот период, за кој што имавме сериозни забелешки и дека тоа е тенденциозно, ние сакаме да покренуваме иницијатива и работата на сегашната актуелна власт да се провери. Доколку се покаже дека има злоупотреби, пречекорувања на службената должност, тогаш и тие наши министри да си поднесат оставка, односно јавно да кажеме кој се тие луѓе.

Меѓутоа, не можам да прифатам од една страна, господинот Поповски, дава иницијатива, до вчера од оваа говорница тврдеше и постојано повикуваше, дека оваа комисија нема мандат да го испитува претходниот период. Оваа комисија треба да го испитува тековното работење на актуелната власт.

Одеднаш денеска има друга иницијатива, дека тоа не е можно. Не поаѓајте од Вас господине Поповски, од СДСМ, кои сами себе се анкетиравте и ништо не утврдивте. Ние ви гарантирам, без разлика на мандатот, кој пратеник ќе ја води оваа Комисија, сериозно, доколку бидам член или од Демократска алтернатива, сериозно ќе се работи на утврдување на јавните набавки, дали има злоупотреба или не. Намерата е сосема чесна во тој дел. И да не должам, предлагам да направиме една пауза, а координаторите на пратеничките групи да седнат сериозно да разгледаат и да предложат на овој Парламент, да се конституира Анкетна комисија, која ќе работи на испитување на јавните набавки за периодот 1999 година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Чедо Петров.

Господа пратеници, со оглед на тоа што и јас сум еден од потписниците на тоа и гледам дека работата навистина е општо прифатена и се работи за одредена методологија, јас денеска ја прекинувам седницата.

Ќе ги разгледаме сите предлози, навистина, мислам дека има добро во сите тие предлози.

Со седницата ќе продолжиме во вторник во 11,00 часот.

(Седницата заврши во 16,30 часот).